Со потполно одобрување на Гоце Делчев, како и останатите членови на Задграничното преставништво на организацијата, на состанокот било одлучено да се киднапира некоја значајна личност, за чие што ослободување организацијата би добила поголема сума на парични средства неопходно потребни за нејзиното понатамошно работење[3)].

По долготрајните подготовки неопходни за нејзина обука и опрема на 1 јуни 1901 година една чета под водство на војводите Михаил Апостолов, Аргир Манасиев, Петар Јуруков со триесетина борци се упатува за тиквешко[4)]. Оваа чета имала задача да се упати кон Радовишко, со задача таму да грабне некој од тамошните богати бегови. Меѓутоа тамошните бегови како да ја насетиле опасноста дека во близина се движи револуционерна чета па затоа не ги напуштале своите добро утврдени чифлизи, оградени со високи ѕидови. Откако овој обид на четата не вродил со прод, се упатиле кон Струмичко со задача таму да фатат некој од струмичките бегови. Но Струмичкиот околиски раководител Маказлиев остро се спротиставил на таквиот план на раководството на четата, затоа што оправдано се плашел таквиот чин да не предизвика трагични репресии од страна на турските власти врз невиното население во неговата каза[5)].

По овој неуспешен обид на предлог на војводата Михаил Герџиков и Петар Јуруков било одлучено четата да замине во Тиквешијата со задача во близина на селото Рожден, односно од рудникот „Алшар" да се киднапира еден рударски инженер по потекло од Англија, за чие што ослободување би се барало голем откуп[6)].

Во тоа време состојбата во Тиквешијата не била во ништо подобра од останатите кази во Солунскиот вилает. Таму сеуште не биле залечени раните од Солунската афера, по која биле извршени масовни апсења на голем број раководители и членови на Организацијата, а биле откриени и запленети повеќе од 80 пушки. Во кавадаречкиот дел од Мариово започнува вистинско патешествие на борците од четата на војводата Михаил Герџиков. Веднаш по пристигнувањето во Тиквешката каза четата на Герџиков преку селото Радња се упатува во с.Бохула, село со мешано муслиманско и христијанско население. По краткиот одмор четата била изненадно нападната од страна на турска потера, по предавството што го извршил еден селанец Турчин од с.Бохула. Од Бохула под силен оган четата гонета од турската потера се упатила кон село Мрежичко каде извесно време се засолнила во густата шума. Откако се увериле дека потерата заминала, борците се упатиле кон селото Рожден со цел да ја реализираат и извршат задачата за која и беа поминале толку долг и напорен пат. Во Каракачанските колиби кои се наоѓале над селото Рожден од едни власи борците добиле малку храна, но набргу еден од нив извршил предавство по што за кратко време четата била опколена од поголема турска војска. По кусата престрелка со потерата раководството на четата одлучила четата да се повлече длабоко во шумата за да не бидат дадени поголеми жртви во отворен судир со многу побројната турска потера. И навистина и покрај тоа што потерата поминала само на 40 метри од нив не биле откриени. За време на краткиот

престој во овој крај борците и раководството на четата увиделе дека по многубројните апсења, терор и репресалии што ги извршила турската војска и полиција, доста опаднал ентузијазмот кај народот, а бил опаднат и угледот на Организацијата сред широките народни маси. Раководството на Околискиот комитет во Тиквешијата со седиште во Кавадарци доста малку внимание посветил на изградувањето на моралниот лик на борците, на нивните постапки, што многу негативно се одразувало на симпатиите на населението од овој крај спрема борците. Населението од овие села особено од оние попасивните живеело доста сиромашно, па и она малку што го имале морале да го дадат на комитите, па затоа и не баш најсрдечно ги прифаќале[7)].

Откако сериозно ја разгледале состојбата во која се наоѓа четата Михаил Герџиков во својство на водач и инструктор на четата решил да се преземат овие мерки: затоа што било скоро невозможно така бројна чета незабележано да се движи било решено четата да се раздели во неколку помали групи. Поради не предвидените судири со турските потерџии било донесено решение за извесно време да биде одложена акцијата за пленување на рударскиот инженер од „Алшар“. Герџиков одлучил Аргир Манасиев да замине за Гевгелиско, Крсто Николов Бугаријата за Тиквешко, а тој заедно со Петар Јуруков и Михаил Апостолов за Битолско. Со Петар Јуруков за Битолско тргнува и Крсто Николов, кога четата пристигнува до селото Клиново ненадејно биле нападнати од страна на турска потера па затоа била принудена да го менува правецот на движење и се упатува кон селото Галиште. Во Галиште на четата и бил приреден срдечен пречек од страна на месното население, но по извесно време била повторно нападната од турската потера по предавството што го извршил селскиот коџебашија. Само со вешта маневра и брзо движење по кратка престелка со потерата борците успеале да се извлечат од селото Галиште без никакви загуби. Изморени од постојаните прогони, гладни и исцрпени борците легнале во една ниска дабова шума и веднаш заспале. Турската потера успеала да им се приближи на само 20 метри, а стражарот и самиот преморен заспал и не ги забележал, а само големата среќа ги спасила од сигурна смрт. По напуштањето на атарот на селото Галиште Герџиков, Михаил Попето, Јуруков и Бугаријата увиделе дека е невозможно да поминат низ Тиквешијата за Прилепско и Битолско па затоа било одлучено да се промени планот. Според него војводата Крсто Николов Бугаријата требало да остане во Тиквешијата, Петар Јуруков како војвода со Михаил Апостолов Попето како секретар на четата се определени во Воденско, а Михаил Герџиков со еден дел од четата да се врати во Бугарија[8)].

Кога четата поминала покрај селото Праведник, се качиле на еден висок рид од каде што имале преглед на еден добар дел од тиквешките села. Тие набргу виделе како Турците, откако поминале покрај нив се упатиле во селото Бегниште каде ги собрале сите жители сред село, и служејќи се со најбрутални методи барале од нив да ги предадат комитите. Некои од селаните неможејќи да ја издржат суровата тортура им кажале на турците дека четата се наоѓа недалеку од нив под селото Праведник. Турската потера, предводена од зло-

гласниот Селим Чауш од село Бохула, освен регуларна војска и полиција имала во својот состав и башибозук, а нивна основна цел била плачкање и изживување врз незаштитеното население. За кратко време турската потера го открила местото каде што се наоѓале борците, токму во моментот кога тие се одмарале. Борбата почнала во попладневните часови и траела до доцна во ноќта. И покрај тоа што бројот на силите на потерата изнесувал околу 200 луѓе, тие после неколку неуспешни обиди морале да се повлечат. Четата имала многу добра утврдена позиција на еден рид од каде имале добра контрола на теренот. Веднаш откога се спуштила ноќта, ценејќи ја надмоќноста на турските сили четата решила да се повлече. Во овие неколку борби со многу побројниот непријател четата изгубила само еден борец, загинал Тодор Тетовчанецот, а ранети биле Петар Јуруков во рамото и Михаил Апостолов-Попето во вратот. Бројот на загубените турски војници и полицајци бил далеку поголем[9].

Прона НЕСТОРОВА

# УЧЕСТВОТО НА с. РОЖДЕН ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ТРИТЕ МОБИЛИЗАЦИИ

Името *РОЖДЕН* потекнува од старо црквениот збор „Рождение" што го означува „раѓањето на сонцето, денот".

Во 1895 година според Васил Кнчев, во село Рожден имало 984 жители.

Селото Рожден се наоѓа одулу 60 км западно од Кавадарци. Според податоците од првиот попис 1921 година, селото заедно со заселцата имало 365 куќи со окулу 1960 жители. Главно занимањето на населението е сточарството, земјоделието и рударството.

Постојат записи за постоењето на селото Рожден уште пред Османлиската империја. Во тој петвековен период селото Рожден ги доживеало сите трагедии од Османлиската власт. Не биле изоставени ни данокот, теророт и страшните тортури на селското население.

Населението било чисто македонско. Живеело во слога, но турските зулуми не можеле да ги поднесуваат затоа многу од селаните се приклучувале кон организацијата која била организирана од Лазо Асијата и Добри Даскалот. Од селото Рожден во таа организација биле приклучени Крсте Стамациев, Јован Шепендиев, Петко Ј. Бојков, Петко Летников, Петко А. Бојков, Богев Апостол, Стојан М. Лостов, Богоја Рамов, Марко Трнин, Ѓело Марков, В́че Стамациев, Атанас Честојанов, Ѓорѓи Марковачев роден 1849 година во село Рожден. Тој бил како коџабашија (кмет) во селото. Имал завршено богослужба во Битола. Одлично го знаел турскиот јазик. Во 1903 година за време на Крушевската Република, сите кои биле во организацијата и други доброволци тргнале во помош. Но кога дошле во селото Витолиште му јавиле дека Крушевската Република е во крв задушена од турскиот аскер и се вратиле.

Многу од селаните биле принудени да одат во турската војска. Регрутирањето турските заптии го правеле со две ѓулиња бело и црно. Ги извелкувал идниот војник. Ако го извлечел црното ѓуле станувал турски војник. Меѓу другите биле Брајко Мискин, Трајко Којчев, Лазо Тодоричев и Стојко Мицев.

За време на турското владеење се пееле многу песни меѓу кои е песна-

та „Го фанале малој моме“. Песната за Гоце и момето се претпоставува дека за прв пат е испеана на граничниот премин меѓу селата Рожден и Зборско, во времето на Нијази-беј, пред или непосредно по Илинденската епопеја.

Повеќемина велат: пред гибелот на големиот македонски водач и идеологот, песната ја пеел Јованче Чашковски, шетајќи се низ Кожув Планина.

Го фанале малој моме
го фанале клети турци
едно моме најубаво,
најубаво во селото.
Му врзале двете раце
двете раце наопаку.

Кажи, кажи, лично моме,
кај се крие Гоце Делчев.
И да умрам клети Турци
Гоце Делчев не кажувам.

## *СЕЛО РОЖДЕН ВО ВРЕМЕТО НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ*

По анексионата криза, српските националисти зазеле отворен курс за обединување на целокупното српство, што практично било вперено против Австро-Унгарија.

Во подготовките за ослободување на деловите од Стара Србија и Косово и Метохија и за завојување делови од Македонија и Албанија, покрај забрзаното војничко подготвување во годините непосредно пред Првата Балканска Војна, српската владеачка буржуазија била принудена да води сметка и да се судри со сличните веќе постојани планови и цели на своите балкански партнери - Бугарија, Грција и Црна Гора, кои исто така се подготвувале за освојување и поделба на турските територии на Балканот и во нивната политика покрај останатите турски области, во центарот на вниманието, барем за Бугарија и Грција била Македонија.

Во предвоениот период поголемиот дел од населението (во село Рожден) биле вработени во рудникот кој се наоѓал во заселцето Мајден. Со рудникот раководел управник наречен Челебијата.

Тој се оженил за девојка од село Рожден. Со неа имал и дете по име Ристаќи. Во рудникот работеле цели фамилии.

Одговорните на рудникот на вработените им давале само железно тркавало и копач, а се друго работникот морал самиот да го направи или да го купи. Од главната јама лево и десно воделе споредни тунели каде се копало и се барала поквалитетна руда која се класирала според квалитетот. Заработката им се исплаќала во злато. Рудата од рудникот се копала рачно и се носела со магариња и коњи во кошеви. Рударите првиот ден стигнувале во рабаџиевите куќи во Витачево. Тука ноќевале. Другиот ден го продолжувале патот до местото Анот, над селото Горни Дисан. Таму останувале една вечер и третиот ден ја носеле до станицата во Криволак.

Од тука со возот се носела за Франција. Познатиот истражувач Јован Цвииќ, кој во 1898 година го посетил рудникот Алшар во разговор со управни-

кот на рудникот, дознал дека рударските работи во 12 и 13 век, постоеле окна што датираат од многу порано. Грците и воопшто старите народи со поголема култура, арсенот кој овде го имало во изобилство го користеле како козметичко и депилаторно средство. Но многу повеќе податоци за Алшар постоеле од 12 и 13 век кога се верува дека главно бил користен арсенот. Рударењето во вистинска смисла на зборот, како што е забележано во литературата во Алшар започнала за време на Турската Империја, кога поради масовна употреба на арсенот како депилаторно средство, Осман Инајет Ефендија, богат трговец од Солун, ќе добие повластици за експлоатација на рудникот.

Во поновата историја на Алшар, кога рудникот ќе го добие и сегашното име по првите букви на неговите закупци - браќата Алаатии, и богати трговци од италјанско потекло и францускиот инжињер Шарние, др. В. Симиќ, во неговата книга „Историја за развојот на нашето рударство" ќе запише дека рудникот во тоа време вработува 100 до 120 рудари, а за време на неговиот најголем подем оваа бројка достигнала и до 400. Според Др. Симиќ рудникот за овој период на експлоатација дал окулу 6.500 тони антимонов концентрат со 58% антимон и 6.000 тони арсенов концентрат со 4,5% арсен. Добиениот концентрат со добиток бил носен до село Криволак, а оттаму според истражувачот Хорфман извезуван во Англија. Од 1900 година поголем дел бил откупен од Мулденската топилница од Френберг, а арсенот го откупувале Германците.

Во 1903, 1908 и 1913 година рудникот го прекинува производството. Во Балканските и Првата Светска Војна, Алшар е седиште на меѓусебните пресметки на завојуваните страни. Па така најголем дел од просториите за преработка на рудата, како и зградата во која биле сместени работниците на принудна работа се урнати до темел. За Алшар се раскажуваат многу легенди, а според една во неговата внатрешност засекогаш останале затрупани над 400 рудари, жени и деца кои работеле во рудникот. (С. Јаковлевски).

Со почетокот на Балканските и Првата Светска Војна во село Рожден биле мобилизирани 72 рожденци, по двајца или тројца од куќа. Сите биле млади, а многу од нив оженети и имале по едно - две деца. Во селото потоа останале 30 вдовици. Тогаш загинале: Јоше Богоев, Никола и Митре Орешкови (браќа), Ило и Митре Орешкови, Ило Влајков, Коле Сакалиев, Бино и Стојко Мицеви (браќа), Митре Златин Сакалиев, Стојан Стамаџиев, Ристе Колев, Најде Ганчев, Ристаќе на Челебијата, Ристе и Стојан Марковачеви, Марко Павлов, Стојан Сакалиев, Ило Лостов, Митре Лостов, Стојан Нејков, Јанче Бинаров, Тодор Брушански, Ило Младенчев, Трајко Којчев, Пејо Летников, Трајко Летников, Ристе Јанкулов, Куле Јанкулов, Апостол Бојков, Јован Џогов, Јован Паликаров, Марко Свињаров, Ило Јанкулов. Од селото Мајден загинале: Димо Булов, Ѓорѓи Џонов, Јован и Волче Ристеви (браќа), Ристе Бинаров, Злате и Коле Ѓерѓеви (браќа), Костадин Чобанов, Петко Пасков, Митре Летников, Стојан Чапов, Митре Чулев, Ристе Ајтов, Дано Честојанов, Трајко Честојанов и Паско Ајтов.

Не поминале поубаво ни жените со своите деца од 15 до 20 година, биле присилувани од Бугарските војници да прават патишта од Св. Петре - Богево гумно - Костенот - Ракитата.

Еден ден француски авиони го бомбардирале селото и патот. Тогаш биле убиени Неда Окардова, Видана Окардова, и Костадин Чобанов, а ранети биле девојките Дочка Тодорчева и Маса Волчева кои останале без челадни. Селото било запалено. Во тие години преседател на општината бил Јован Карабукијата. Тој како преседател им наредил на неколкумина од Рожден да го скинат воздушниот мост на Калинската леса на реката Црна, за да не можат да поминат бугарските чети и да навлезат во Мариовско, каде што токму тогаш многу српски војници се повлекувале кон Солун.

Мостот веднаш го срушиле. Бугарските чети останале, зашто не можеле да ги прегазат надојдените води на Црна Река. После некое време кога бугарите ја окупирале Македонија, воспоставиле своја власт. Наредиле да се фати Јован, кој стражарно го спровеле во Прилеп и Битола. Таму го суредиле. Било летно време, попладне.

Неколку стражари го спроведувале Јован. Бил бос. Така одел од Битола до Рожден. По него оделе жени, деца, мажи, плачеле му бакнувале рака. Му дале нови шарени чорапи и опинци. Седнал на земјата и ги обул. Пред да го заберат од селото рекол: „Да ми ги гледате децата, да ми ја чувате куќата, овие кучиња нема да ме остават, ќе ме убијат, јас не се враќам жив!". Така и станало. Го натерале да си го ископа гробот и го убиле во Топли дол - Мрежичкото. Од мобилизираните живи се вратиле: Стојан Свињаров, Ѓоре Орешников, Петко Карабуклиев, Лазо Тодорчев, Петко Летников, Трајко Трајанов. Во тој воен период кога минувале многу војски низ селото Рожден се појавила болест наречена шута и брзо се раширила низ селото. Од кажувањата на Дело Маркушев изумреле над 100 души. Тогаш дошла докторка од Франција која успеала да ја спречи заразната болест.

Брајко Мискин бил турски војник во Арабија. Во 1912 година се нашол на црногорската граница и се предал на црногорската војска. Во 1913 година една црногорска дивизија избила на Јадранско Море и по вода стигнале до Солун. Во 1915 година бил земен војник од српската власт. Тогаш во Сараево бил убиен престолонаследникот Фердинанд и женаму Софија од Гаврило Принцип. Австроунгарија и Бугарија удриле на Србија. Целото српско министерство со Крал Петар отстапиле. Српската војска во која бил и Брајко преку Приштина - Пеќ - Црна Гора, Албанија избиле на Јадранското Море. Од таму тргнувале за Италија на приморската станица Санѓиван. Избиле на островот Крф.

Пролетта, повторно, на Солун и на Солунскиот фронт. Кога се скинал Солунскиот фронт Брајко поминал со војската низ селото Рожден и по 2 дена патот го продолжиле. Се вратил од војска во февруари 1919 година. Според кажувањата на Дано Мискин, Трајко Којчев и Лазо Тодорчев биле турски војници 2 години. Трајко Којчев потоа бил српски војник во Крагуевац. Неговиот татко Марко Којчев отишол во посета кај него. Подоцна му се изгубила трага-

та. Бугарската војска со топови пукала од Мушов гроб и го запалила селото Рожден.

Кај Топли Дол имало рудник, таму работеле работници од село Рожден и село Мрежичко. Во јамата имало 70 рудари од село Мрежичко. Еден ден јамата се урнала и ги затрупала. Во прво бугарско во Топли Дол имало направено бањи и чешми. Бања имало и кај заселцето Мајден - месност Топлек. Водите биле лековити, ги лечеле раните на ранетите војници и служеле како средство за дезинфекција.

Данокот од Првата Светска Војна најскапо го платила бабата Петра Мицева. Двајца синови, Стојко, загинал во турската војска, а Бино во српската војска, а ќерка и Неда загинала на патот наречен Ракитата, од авионот што бомбардирал (француски). Тогаш се правел патот од цивилите по наредба на бугарите. Тоа било 1916-1917 година.

Од Св. Петре до Бистрица имало направено 16 моста. Во 1920 година надошле силни води, ги кренале сите мостови и патот го расипале. Истата година за прв пат во с. Рожден е отворено селско училиште, а за прв учител е наименуван Бранко Ракочевиќ по потекло Црногорец. Наставата во училиштето се држела на српски јазик.

Во 1928 година со доброволно ангажирање на селаните е направена нова училишна зграда, која во својот состав имала 2 големи училници и трособен стан за наставникот. Во зависност од годината бројот на учениците изнесувал од 160 до 200. Освен децата од Рожден наставата ја посетувале и ученици од заселцата Мајден, Напривуш, Ѓжаново, Јаарничко.

Во 1940 година била извршена втората мобилизација од српската власт. Биле собрани сите мажи од 18 до 60 години.

Од мобилизираните имало многу заробени, меѓу кои и Косто Бојков, Ристо Маркушев, Јоше Чаков. Биле одведени во Германија. Ги вратиле по наредба на Бугарија бидејќи Македонија била под нејзина власт. Заробен бил и Дело Маркушев од село Рожден. Кога стигнал во Демир Капија се качил на воз за Гевгелија. Во телеграмата му пишувало да се јави во 49 пешадиски полк, Командир бил Бранко Ракијаш. Таму имало хрватски и словенечки војници (млади регрути). Два дена се припремале. Тргнале на полноќ преку селото Богданци. Селаните ги испратиле со цвеќе. Продолжиле пеш за Струмица до Бугарската граница во Ново Село. Биле на тромеѓата.

Германците прво удриле на Грците, потоа првата армија од војската почнала да отстапува. Германците почнале да фрлаат со гранати и топови. Германски авион јавил каде е линијата на војската. Жителите од околните села се сокриле во планината Беласица. Војската стигнала во селото Амџурија, а потоа во Струмица. Хрватите и Словенците се споиле со Германците. Два дена биле во Струмица, а потоа во Ново Село. Оттука со камион за Петрич. Со воз се качиле и стигнале за Горна Џумаја. Тука имало логор и се измешале со грчката војска. Со возот продолжиле за градот Плевен, им дале по едно јајце, еден леб го делеле на четворица, и по едно парче сланина. Тоа им било за Велигден. Германскиот и Бугарскиот генерал го прашале трубачот од српската

војска како била поставена линијата од војската. Одговорил дека во првата линија биле македонци, хрвати и словенци а србите останале во градовите.

Повторно со воз за Романија. Многу од српската војска се сокриле меѓу цивилите. Во Романија ги растовариле каде што имало логори. Во бараки ставале по 200 до 300 заробени, ги затварале, а го ослободувале наутро и навечер. Ги преќале по вода од бунар.

Газдата им поделил качамак (бакрданик). Со памучен конец го делел на 16 души. Од коњите што јаделе јачмен, а потоа исфрлен преку изметот ги миеле зрнцата и ги јаделе. Еден леб им делеле на 14 души. Овде останале 20 дена. Се вратиле со воз за Ѓувешево зад Крива Паланка. Таму во една кафеана се напиле кафе. Во тоа време Петар Гојовиќ формирал четници, 500 луѓе. Стигнале во манастирот Лесново. Му дале топол леб со пиперки и урда. Од Лесново стигнале во Кочани и од тука со воз до Велес и од Велес до Св. Ѓорѓи (Неготино). Ова патување траело точно еден месец. Тргнале 4 дена пред Благовец, а се вратиле на Ѓурѓовден.

## ТРЕТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Во 1941 година со окупацијата на Бугарија село Рожден ја дели истата судбина со цела Македонија. Во тоа време во село Рожден, Мајден и село Мрежичко имало и 1.500 бугарски војници.

Селото не можело да се поврзе со партизанските одреди до 1943 година. Во 1943 година во месец ноември селото е поврзано со партизанските одреди. Активисти биле Ќиро Крстев од Кавадарци, Боро Ѓелев од село Куманичево, Ѓорѓи (Ѓуци) Русков од Бојанчиште. Од селото се поврзале со Трајко Марковачевич (Аврам), Коле Стојанов Орешков, Коле Неделков, Стојан И. Орешков, Апостол Митрев, Косто Бојков, и кметскиот намесник на селото Ѓошо Бојаџиев од село Ваташа. Од овој состав бил формиран месниот комитет. Оваа организација постои од ноември 1943 до март 1944 година, во партизанските одреди испрати 5 лица. Посебно повратниците кои биле испуштени на отсуство од Бугарската војска. Тоа се: Петко Орешков, Цандо Рамов, Ристо А. Богер, Ѓорѓи Несторов, Јован В. Павлов.

Во месец август 1944 година од село Рожден заминале во партизански одреди 172 војници.

Во овој период се загинати: Ѓорѓи Несторов, Ристо Тодорчев, Ѓело Павлов, Петре Г. Булев, Стојче Р. Стојчев, Јован О. Палулев, Никола В. Панаринов, Стојан Нејков, Ристо Богданов сите 1944 година. Во Грција е загинат Ристо Богданов.

Ѓорѓи Несторов е загинат во Ракле Тиквешко, а сите други се загинати во Прилеп во октомври кога е ослободен Прилеп.

Ристо Тодорчев бил командир на чета во 9 бригада и од него нема посмртни останки. Неговото име го носи школото во селото Рожден.



*Трајко Зојката ( во средина) со дел од четата од Мариово на уриетот во Битола*

Надежда ЦВЕТКОВСКА

# ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ (1935, 1938) И ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРИ (1936) ВО МАРИОВСКА ОКОЛИЈА

Мариовско-мегленскиот регион е периферен дел на Вардарскиот, односно, Егејскиот дел на Македонија. По завршувањето на Првата светска војна и по одржувањето на Версајската мировна конференција, на која беше санкционирана поделбата на Македонија, Мариовско-мегленскиот регион е поделен. Имено, со новата граница воспоставена меѓу Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (подоцна, Кралство Југославија) и Грција, Мариовскиот регион му припаѓа на Кралството на СХС, а Мегленскиот регион ѝ припаѓа на Грција. Последиците од поделбата на Македонија биле катастрофални, бидејќи таа е не само територијално поделена, туку е прекината и нејзината стопанска целост. По поделбата на Македонија, окупаторите вовеле строг воено-полициски режим и вршеле таква административно-управна поделба, каква што им одговарала на нивните интереси.

Мариовскиот регион, со површински зафат од 1390 $km^2$,[1] претставува една специфична природна целина што го зафаќа јужниот дел на Република Македонија, а според етничката карта - централниот дел на Македонија.

Во периодот меѓу двете светски војни, Мариовскиот регион е поделен меѓу Мариовска, Битолска, Прилепска и Кавадаречка околија. Според административно-територијалната поделба до 1929 година Мариовска околија е во составот на Битолскиот округ[2] и според пописот од 31.01.1921 година има 1986 домаќинства и 11.942 жители.[3] Според Законот „за името и поделбата на Кралството на управни подрачја“, донесен на 3.10.1929 година, кога службеното име на Кралството на СХС се преименува во Кралство Југославија, а општата управа во Кралството Југославија се врши по бановини, околии и општини, Мариовска околија со центар во Битола се наоѓа во составот на Вардарската бановина[4] и според пописот од 31.3.1931 година има 2583 домаќинства и 15.891 жител.[5]

Во периодот меѓу двете светски војни во Вардарскиот дел на Македонија, а во тој контекст и во Мариовска околија, големосрпскиот хегемонистички режим спроведувал денационализација и асимилација на македонски-

от народ, преку колонизацијата, социјално-економската и културно-просветната политика. Во духот на денационализацијата, во администрацијата бил воведен српскиот јазик, а се промениле имињата и презимињата на граѓаните, како и топонимите на некои населби. Големосрпската буржоазија, со своите мерки на национално угнетување, своето влијание врз масите го остварувала преку дејствувањето на граѓанските политички партии, односно на нивните претставници. Со оглед на тоа, што во Вардарскиот дел на Македонија не постоела легална македонска граѓанска политичка партија, поради подредената улога во која се наоѓала македонската буржоазија, а најмногу заради фактот што македонската нација не била призната, тука дејствувале српските граѓански политички партии (Радикалната, Демократската, Земјоделската и други). Овие партии дејствуваа самостојно од 1919. до 1929. година, додека во периодот од 1935. до 1941. година, тие дејствувале самостојно или во коалиција со други партии.

Во периодот меѓу двете светски војни развојот на политичките односи има две основни компоненти: борба меѓу граѓанските партии и работничкото и комунистичкото движење, од една и судирите меѓу самите граѓански партии околу поделбата на власта, во прв ред предизвикана од нерешеното национално прашање, од друга страна, што особено доаѓало до израз за време на изборите.

Затоа, почнувајќи од првите избори за Привременото претставништво на Кралството на СХС (1919) па до последните избори за Народното собрание на Кралството Југославија (11.12.1938) секогаш доаѓало до драматичен тек било за време на изборите за најниските претставнички тела - општините, било за највисоките - собранијата.

Причините за ваквиот тек на изборите во Кралството биле многубројни и многустрани. Како основна причина бил повеќепартискиот политички систем во заостанатото буржоаско општество. Многубројните партии биле претставници на повеќе класи и меѓукласи што се наоѓале во нееднаква економска, национална и политичка положба. Интересите на овие општествени класи и слоеви биле различни, а тоа доведувало до чести потреси за сето време од постоењето на тогашната Југославија. Бурните настани биле почести особено во првите години од постоењето на Кралството на СХС, кога и КПЈ, како легална партија учествувала на изборите, како и во годините по 1934. година, кога се разгореле политичките борби меѓу владините режими и опозицијата која по Шестојануарската диктатура се обедини и засили. Тоа е периодот кога граѓанските партии започнуваат мошне интензивна активност за парламентарните избори во 1935. година, која активност е карактеристична и за Вардарскиот дел на Македонија, а во тој контекст и за Мариовската околија.

На предлог на владата, на 6.2.1935. година, Кралското намесништво го распушта Народното собрание и одлучува новите избори да се одржат на 5. мај истата година и истите ќе се спроведат според Изборниот закон од 10.9.1931. година (делумно дополнет во 1933. година).[6)] На овие избори ќе се избираат 370 народни пратеници. Бројот на пратеничките мандати бил зголемен поради тоа

што секоја административна околија постанала изборна единица. Во Вардарска бановина ќе се избираат 45 народни пратеници, од кои 30 од Вардарскиот дел на Македонија. Со оглед на тоа што Вардарска бановина била поделена на 4 изборни округа (од бр. 32 до бр. 35), Мариовска околија влегува во изборниот округ бр. 34.[7)]

На изборите од 5.5.1935. година биле истакнати 4 земски листи: владината листа, чиј носител бил претседателот на владата Богољуб Јевтиќ,[8)] листата на Здружената опозиција, чиј носител бил д-р Владимир Мачек,[9)] листата на Божидар Максимовиќ[10)] и листата на Димитрије Љотиќ.[11)]

Распишувањето на собраниските избори и објавувањето на изборните прогласи внесува голема живост во дотогаш замрениот политички живот и во Мариовска околија. Така, на 19.2.1935. година, на повик од секретарот на Околискиот одбор на Југословенската национална странка (ЈНС) (која беше режимска партија), била одржана Конференција со претседателите на општинските организации и членовите на Околискиот одбор на Мариовска околија, на која било дискутирано за политичката ситуација во врска со претстоечките избори и, притоа, била донесена Резолуција во која едногласно било одлучено организацијата на ЈНС за оваа околија да ги помага носителите на владината листа.[12)]

За изборната кампања на Здружената опозиција во Мариовска околија може да се каже дека немала некоја заедничка, организирана политичка агитација. Таа во поглед на можноста за предизборна политичка активност била во многу неповолна положба поради начинот на кој владата на Богољуб Јевтиќ ја водела изборната кампања.

Во текот на месеците март и април и во Мариовска околија биле одржани повеќе конференции и собири на кои биле предлагани кандидати за изборните листи. За кандидати на листата на Богољуб Јевтиќ биле предлагани личности кои биле спроводници и привржаници на големосрпската хегемонистичка политика во Вардарскиот дел на Македонија и привржаници на владата на Богољуб Јевтиќ. Во своите предизборни агитациони говори тие ја истакнувале верноста кон династијата, унитаризмот и „националното“ единство. Зборувајќи за локалните потреби и прашања, тие не ги штеделе ветувањата, дека, ако победат на изборите, ќе направат сè за крајот за кој се кандидирале.

Опозиционите пратенички кандидати[13)] и воопшто луѓето кои се активирале како привржаници на опозиционата листа биле систематски попречувани од органите на власта и на разни начини шиканирани. Тоа било правено бидејќи можеле да се очекуваат многу гласови за демократите и земјоделците.

И предложените кандидати на листата на Божидар Максимовиќ и на Димитрије Љотиќ немале некоја поголема предизборна активност во Мариовска околија.

Во Мариовска околија како кандидати за народни пратеници биле предложени и потврдени:

1. На земската изборна листа на Б. Јевтиќ биле: 1) Светозар Тасиќ, пензионер и бански советник од Битола; 2) Никола Марковиќ, адвокат од Битола.

2. На земската изборна листа на д-р В. Мачек биле: Војислав Дамњановиќ, пензионер од Прилеп; за негов заменик: Петар Вељановиќ, трговец од Битола.
3. На земската изборна листа на Б. Максимовиќ бил: Живојин Ј. Кнез-Милојковиќ, пензионер од Битола.
4. На земската изборна листа на Д. Љотиќ бил: Цветко И. Петровиќ, учител во пензија од Битола.[14)]

Изборите од 5.5.1935. година во Мариовска околија биле спроведени во 5 општини и на 8 гласачки места. Од вкупно запишани 4.594 избирачи, гласале 3.223 гласачи. Од тој број листата на Б. Јевтиќ добила 2.886 гласа или 89,54%; листата на д-р В. Мачек добила 336 гласа или 10,43%; листата на Б. Максимовиќ добила 1 глас или 0,03%, а листата на Д. Љотиќ не добила ниту еден глас. Поединечно гледано кандидатите го добиле следниот број на гласови:

| | |
|---|---|
| - Светозар Тасиќ (листата на Б. Јевтиќ) | 2.122 гласа |
| - Никола Марковиќ (листата на Б. Јевтиќ) | 764 гласа |
| - Војислав Дамњановиќ (листата на д-р В. Мачек) | 336 гласа |
| - Живојин Ј. Кнез-Милојковиќ (листата на Б. Максимовиќ) | 1 глас |
| - Цветко И. Петровиќ (листата на Д. Љотиќ) | - - - |

За народен пратеник е избран Светозар Тасиќ, а за негов заменик Мирче Т. Поповиќ, земјоделец и претседател на општина од Добрушево.[15)]

Народното собрание избрано на мајските избори го одржува првиот состанок на 3.6.1935. година. Тогаш е соопштено дека листата на претседателот на владата Б. Јевтиќ добила 303 пратенички места, а листата на д-р В. Мачек добила 67 пратенички места. Истиот ден ЈНС формира во Собранието Југословенски клуб на народните пратеници, во кој се зачлениле сите народни пратеници од листата на Б. Јевтиќ, па и пратеникот од Мариовска околија, Светозар Тасиќ. За претседател бил избран Б. Јевтиќ.[16)]

Здружената опозиција, на состанокот од 30.5.1935. година, донела Резолуција, во која се тврдело дека целата листа на Здружената опозиција, со сите кандидати и со сите нејзини приврзаници била ставена надвор од законот, потоа, дека владата против опозицијата го покренала целокупниот државен апарат, како против непријател на државата. Резолуцијата ја потпишале шефовите на Здружената опозиција - Љуба Давидовиќ, Јован Јовановиќ, д-р Владимир Мачек и Веќеслав Вилдер.[17)]

Во текот на верификационата дебата Богољуб Јевтиќ на 21.6.1935. година поднесува оставка на целата влада. Мандатот за составување на новата влада го добива д-р Милан Стојадиновиќ, министерот за финансии во владата на Б. Јевтиќ. Милан Стојадиновиќ пристапува кон формирање на нова партија - Југословенската радикална заедница (ЈРЗ). ЈРЗ, како општојугословенска режимска партија, фактички беше коалиција од поранешните политички партии: Радикалната партија, Словенечката људска странка и Југословенската муслиманска организација. По добивањето конечна дозвола за работа од

Министерството за внатрешни работи на 17.10.1935. година ЈРЗ пристапува кон формирање на организации и во Вардарскиот дел на Македонија.

Во Мариовската околија бил формиран Околиски одбор на ЈРЗ во состав: претседател: Светозар Тасиќ, народен пратеник; потпретседатели: Мирче Поповиќ и Мустафа Еминовиќ; секретари: Крајче Поповиќ и Мирко Поледица. Членови на Одборот биле: Митар Јовановиќ, Наум Лазаревиќ, Селим Џабир, Боша Стефановиќ, Ристо Марковиќ, Петко Јагоридиќ, Анѓел Котевиќ, Јован Андоновиќ, Митар Ненадовиќ и Стеван Митровиќ.[18] Исто така, Светозар Тасиќ бил избран за еден од секретарите на Бановинскиот одбор на ЈРЗ.[19]

До крајот на 1936. година ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија, а во тој контекст и во Мариовска околија, ќе се ангажира околу општинските избори.

Општинските избори во Вардарска бановина, односно во Вардарскиот дел на Македонија, биле закажани за 6.12.1936. година и истите требало да се спроведат според одредбите на Законот.[20] Распишувањето на изборите било причина за зголемената партиска раздвиженост и политичка активност на политичките партии која се изразувала преку нивната предизборна активност, а со цел за придобивање на избирачкото тело.

Сфаќајќи го значењето на општинските избори како мошне значајно, ЈРЗ својата предизборна активност ја започнува на тој начин што нејзиниот Главен одбор издава Упатства за работа и за предизборните должности на своите одбори (општински, околиски, Бановински одбор), како и за личната агитација.[21] Со оглед на тоа што општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија имале не само големо значење во политички, туку и во „национален" поглед, ЈРЗ презема посебни мерки и активности во тој поглед. Значењето на општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија ќе го истакне и Драгиша Цветковиќ, министер за социјална политика и народно здравје, на Бановинската конференција на ЈРЗ одржана во Скопје на 21.8.1936 година. Меѓу другото, тој ќе истакне дека „општинските избори се од локален карактер, но тие имаат голема политичка важност. Од успехот што ќе го постигнеме на општинските избори, може за долга низа години да се загарантира успехот на нашата партија во овие краеви".[22]

На Конференцијата на Бановинскиот одбор на ЈРЗ, одржана во Скопје на 9.10.1936. година, на која присуствувал и Светозар Тасиќ, претседател на Околискиот одбор на ЈРЗ за Мариовска околија, била донесена одлука за изборната агитација за општинските избори.[23] На Бановинската конференција на ЈРЗ, одржана во Скопје на 25.10.1936. година, на која како пратеник од Мариовската околија присуствува Светозар Тасиќ, меѓу другото, била усвоена Резолуција во која се наведуваа активностите што треба да ги преземат околиските одбори на ЈРЗ.[24]

Во текот на месеците октомври и ноември 1936. година и во Мариовска околија се одржуваат конференции и собири на кои биле предлагани кандидати за кандидатската листа на ЈРЗ. За општинските избори во 1936. година во Мариовска околија биле предложени следните кандидати на листата на ЈРЗ:

- во општина Бачка: Константиновиќ Ѓорѓе и Ташковиќ Никола.
- во општина Добрушевска: Поповиќ Мирче и Трајковиќ Боше.
- во општина Кременичка: Беќировиќ Шабан, Мустафовиќ Рамадан и Стојановиќ Алексо.
- во општина Новачка: Бошевиќ Митре, Велијановиќ Михајло, Живковиќ Јанко и Стефановиќ Вељан
- во општина Старавинска: Васиљевиќ Миле, Коруновиќ Трајко, Митровиќ Никола и Младеновиќ Никола.[25)]

Општинските избори, како важен политички настан, предизвикале голема раздвиженост и кај граѓанските вонпарламентарни опозициони партии и групи, кои исто така започнувале подготовки во врска со своите предизборни активности. Српскиот дел за Здружената опозиција (Земјоделската и Демократската партија - чиј терен на дејствување и активност бил Вардарскиот дел на Македонија) и покрај локалниот карактер на изборите, во поглед на поставувањето на кандидатските листи и одредувањето на кандидати, одлучил да истапи согласно и договорно, што било разгледувано на посебните состаноци. Во својата предизборна активност во Вардарскиот дел на Македонија, а во тој контекст и во Мариовска околија, групите од Здружената опозиција се задржуваат главно на социјално-економските прашања, критикувајќи ја владата на ЈРЗ на тој план.[26)] Во Мариовска околија Здружената опозиција немала некоја поголема предизборна активност, бидејќи владата со помош на полицијата го оневозможувала одржувањето на собирите на Здружената опозиција, ги растерувала нивните приврзаници и сеејќи терор настојуваше да ги присили избирачите да гласаат за кандидатите на нејзината партија - ЈРЗ. На разни начини било спречувано истакнувањето на опозиционите кандидатски листи. Поради антидемократските постапки на власта само во ограничен број на општини во Вардарскиот дел на Македонија биле допуштени опозициони кандидатски листи и тоа под фирмата на српските партии. Во Мариовска околија Здружената опозиција, од 5 општини, успеала да истакне свои кандидатски листи само во 2, и тоа:

- во општина Бачка: Костиќ Коста.
- во општина Новачка: Здравковиќ Стојан.[27)]

На општинските избори во Мариовска околија кандидатите го добиле следниот број на гласови:

- во општина Бачка: Константиновиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 387 гласа; Ташковиќ Никола (ЈРЗ) - 386 гласа; Костиќ Коста (З.О.) - 21 глас. Избрани се: Константиновиќ Ѓорѓе и Ташковиќ Никола.
- во општина Добрушевска: Поповиќ Мирче (ЈРЗ) - 308 гласа; Трајковиќ Боше (ЈРЗ) - 374 гласа. Избрани се двајцата кандидати.
- во општина Кременичка: Беќировиќ Шабан (ЈРЗ) - 320 гласа; Мустафовиќ Рамадан (ЈРЗ) - 25 гласа; Стојановиќ Алексо (ЈРЗ) - 78 гласа. Избран е: Беќировиќ Шабан.
- во општина Новачка: Бошевиќ Митре (ЈРЗ) - 67 гласа; Велијановиќ Михајло (ЈРЗ) - 8 гласа; Живковиќ Јанко (ЈРЗ) - 256 гласа; Стефановиќ Вељан

(ЈРЗ) - 312 гласа; Здравковиќ Стојан (З.О) - 59 гласа. Избрани се: Живковиќ Јанко и Стефановиќ Вељан.

- во општина Старавинска: Васиљевиќ Миле (ЈРЗ) - 189 гласа; Коруновиќ Трајко (ЈРЗ) - 147 гласа; Митровиќ Никола (ЈРЗ) - 176 гласа; Младеновиќ Никола (ЈРЗ) - 173 гласа. Избран е: Васиљевиќ Миле.[28)]

Владата на Милан Стојадиновиќ, од своето формирање на 24.6.1935. година, преку распуштањето на Народното собрание и одржувањето на парламентарните избори во 1938, па до својот пад на 4.2.1939. година, во внатрешната политика, во однос на државното уредување, останала на застапувањето на унитарниот принцип на уредувањето на државата, т.е. останала на решенијата на Уставот од 1921. година и Уставот од 1931. година. Во надворешната политика, и покрај наведените ветувања за продолжување на поранешната надворешна политичка линија (кон Франција и Велика Британија), Милан Стојадиновиќ сè поотворено се свртува кон фашистичките сили (Германија и Италија). Определувајќи ја својата надворешна политика, Милан Стојадиновиќ зборувал дека на Југославија и обезбедил мир на границите. А колку таа надворешна политика била измама за народот, се покажало во април 1941. година, кога Југославија ја нападнале Хитлер и Мусолини, кои свечено ветувале неповредливост на нејзините граници; кога кон нив веднаш се придружила Унгарија, потоа кон нападот се приклучила и Бугарија, со која Милан Стојадиновиќ склучил, не обичен договор за пријателство, туку Пакт за вечно пријателство, тогаш се покажало дека сите тие договори не се вредни ни онолку, колку што вредела хартијата на која биле напишани.

Во величењето токму на таквата надворешна политика, се распишани изборите за народни пратеници, кои се одржани на 11.12.1938. година.

Изборната кампања во Мариовска околија, како и самите избори, поминале во судир на двете потполно спротивни гледишта во однос на уредувањето на државата, политичкиот систем, на водењето на внатрешната и надворешната политика, на стопанската и социјална организација и на решавањето на главниот државен проблем т.н. хрватско прашање.

Во однос на овие и други прашања се спротивставиле една на друга двете големи политички групации. Едната била владината партија - ЈРЗ, а другата Здружената опозиција.

За овие избори ЈРЗ склучува изборна коалиција со Југословенската народна странка на Светислав Хоѓера т.н. „Борбаши“,[29)] со бившата Радикално-социјална странка, чиј основач бил попот Воислав Јањиќ,[30)] со групата на министерот Воја Ѓорѓевиќ т.н. „селско движење“ како и со дисиденти на Радикалната партија на Аца Станојевиќ и на Југословенската национална странка.[31)] Владината партија - ЈРЗ ја бранела постоечката состојба и била против секоја промена.

Здружената опозиција, подготвувајќи се за овие избори создавајќи го Блокот на спогодбата (го создале Селско-демократската коалиција - Хрватската селска странка и Самостојната демократска странка и српските опозициони партии - Демократската, Земјоделската и групата Радикали на Аца Станојевиќ),

на 8.10.1937 година, објавува Проглас, во кој наведените партии ја истакнуваат заедничката борба за остварување и спроведување на политичката и државна програма. Имено, Здружената опозиција барала низа промени: од Уставот па до Изборниот закон.[32)] Здружената опозиција договорно одлучила за носител на земската кандидатска листа да биде д-р Владимир Мачек, шеф на ХСС.

За парламентарните избори на 11.12.1938. година во Мариовска околија одржани се повеќе кандидациони собири на кои се одредувани кандидатите за народни пратеници. Владината партија - ЈРЗ, чиј носител на земската листа бил претседателот на владата д-р Милан Стојадиновиќ, одлучува да излезе со 2 кандидата: еден бил Светозар Тасиќ, пензионер од Битола, со заменикот Вељан Стефановиќ, претседател на општина од Добромир, а вториот - Тодор М. Мицковиќ, учител во пензија од Тополчани, со заменикот Трајко М. Шинделиќ, земјоделец од Старавина.[33)]

Исто така, и Здружената опозиција, на одвоени конференции одлучила на овие избори да истапи со следните кандидати: 1) Никола Алтипармаковиќ, бакалин од Битола; 2) Д-р Маргарит Налевиќ, лекар од Битола; 3) Михајло Франповиќ; 4) Радован Минциќ, пензионер од Велес; 5) Властимир Продановиќ.[34)]

На овие избори и движењето „Збор" на Димитрије Љотиќ истапува самостојно. За Мариовска околија на земската кандидатска листа, чиј носител бил Димитрије Љотиќ, бил кандидиран Ѓорѓе Гаќевиќ.[35)]

Предизборната агитација била интензивна и остра. Доаѓало до чести судири меѓу приврзаниците на ЈРЗ и Здружената опозиција, што биле распалувани од агитатори од двете страни. Всушност, изборите во Мариовска околија протекле во атмосфера и прилики какви што биле во целата земја. Тие прилики се опишани во Извештајот што бил изложен во текот на верификационата дебата пред Народното собрание, од страна на народниот пратеник од листата на Здружената опозиција, Трипко Жутиќ. Во него најпрво се укажува „... на самиот Изборен закон кој со своите одредби всушност оди на тоа да го оневозможи изразувањето на народната волја". Во Извештајот понатаму се укажува дека владата на Милан Стојадиновиќ „....ги ставила во служба на својата ЈРЗ листа целокупниот државен апарат и целокупните и моралните материјални сретства... Со тоа владата создала една, и со законите и со Уставот спротивна кривична нееднаквост и нерамноправност меѓу кандидатските листи. Наместо да се борат две листи со идејни програми... владата ги организирала изборите така што на една страна, кај владината листа биле материјалните и присилните сретства и целиот државен апарат, додека на другата страна, на листата на опозицијата, биле опишани програмите на народните слободи, народната влада и договорот со Хрватите. Владата со тоа направила изборите да добијат потполно крива форма, каде државата, со целиот свој апарат, се бори со опозицијата и со сопствениот народ, така што се отишло во бесмисленост дека оние што гласаат за опозицијата се обележуваат како луѓе кои се издајници и против државата..."[36)]

Во една таква атмосфера и под такви притисоци, победата на владата над опозицијата била многу тесна. Имено, и министерот во владата на Милан Стојадиновиќ и подоцна претседател на владата, Драгиша Цветковиќ, признал дека всушност владата ги изгубила единаесетодекемвриските избори.

Според официјалните податоци за листата на Милан Стојадиновиќ гласале 1.643.783 гласачи или 54,09%; за листата на д-р Владимир Мачек гласале 1.364.524 гласачи или 44,90%; а за листата на Димитрије Љотиќ гласале 30.734 гласачи или 1,01%. Листата на Милан Стојадиновиќ добила 306 пратенички мандати; листата на д-р Владимир Мачек добила 67 пратенички мандати, а листата на Димитрије Љотиќ не добила ниту еден пратенички мандат.[37)]

Во Мариовската околија на овие избори поединечно кандидатите го добиле следниот број на гласови:

| | |
|---|---|
| - Светозар Тасиќ (д-р М. Стојадиновиќ) | 1.837 гласа |
| - Тодор Мицковиќ (д-р М. Стојадиновиќ) | 251 глас |
| Вкупно: | 2.088 |
| | |
| - Никола Алтипармаковиќ (д-р В. Мачек) | 7 гласа |
| - Д-р. Марагрит Налевиќ (д-р В. Мачек) | 933 гласа |
| - Михајло Франповиќ (д-р В. Мачек) | 9 гласа |
| - Радован Минциќ (д-р В. Мачек) | 25 гласа |
| - Властимир Продановиќ (д-р В. Мачек) | 0 гласа |
| Вкупно: | 974 |
| | |
| - Ѓорѓе Ѓаќевиќ (Д. Љотиќ) | 0 гласа |
| Вкупно гласале: | 3.062 |

За народен пратеник на овие избори во Мариовска околија е избран Светозар Тасиќ.[38)] И владата на Милан Стојадиновиќ, како и владата на Богољуб Јевтиќ поднела оставка и паднала после изборите во текот на верификационата дебата, на 4.2.1939. година. Новата влада ја формира Драгиша Цветковиќ.

Но, ова Собрание било со краток век. Истиот ден, 26.8.1939 година, кога е формирана владата Цветковиќ-Мачек, издаден е Указ за распуштање на Народното собрание.

Од распуштањето на Собранието па до 6.4.1941 година не се распишувани избори за народни пратеници. Така владата Цветковиќ-Мачек, за целото време на своето постоење, управувала со земјата без Народно собрание.



*Јован Ѓуровски - Ѓуро комита војвода од*
*с. Витолиште Мариово*

Христо АНДОНОВСКИ

# ПРИДОНЕСОТ НА МЕГЛЕНСКАТА ОБЛАСТ ВО НОБ НА МАКЕДОНСКИОТ И ГРЧКИОТ НАРОД (1941-1944)

Во неколку од предходните на Втората светска војна светски судрувања, што како по некакво правило се прошируваа и на Балканот, Меглен претставувал важен стратегиски терен. Секогаш имала предност онаа војувачка страна, која прва успевала да се добере и да ги организира своите позиции за одбрана или напад на планинскиот венец Кајмакчалан - Кожув - Пајак планина. Од оваа позиција лесно може да се напаѓаат на северо - запад комуникационите артерии Прилеп - Битола - Лерин и Скопје - Гевгелија - Солун на северо - исток, а на југ линијата Лерин - Воден - Солун. Таквите стратегиски предности на Обласга Меглен ги увиделе и Сојузниците (Англо - французите) во текот на Првата светска војна и еден од главните сектори на таканаречениот Солунски фронт (1916-1918) бил тука организиран, а победата на Сојузниците кај „Добро Поле" и Скра (с.Љумница) ја променила судбината на таа војна во полза на Сојузниците.

По хитлеровскиот напад на Југославија и Грција на 6 април 1941 година и во текот на последната војна, во која решавачка улога одиграла современата бојна техника, која бара рамен терен, Меглен, ограден скоро од сите страни со планини, останал како пристаниште до кое во прво време не допирала големата бура од хитлерофашистичката агресија.

Окупацијата на Областа од Германците била формално најавена на 9 април 1941 со влегувањето во градчето С´боцко на двајца германски војници - моторциклисти. Тие не наишле на отпор ниту во градот, ниту на било кое друго место во околијата, затоа што грчката воена формација што го држела пограничниот сектор во оваа област уште пред неколку дни се повлекла на југ за да се присоедини кон другите воени единици, кои би требало по планот на врховниот штаб да организираат нова одбрамбена линија кај планината Олимп. Ниту пак би можело да се очекува отпор од една југословенска воена единица, која моментално се нашла во градот, која по разбивањето на југословенскиот фронт кај Струмица се повлекувала кон внатрешноста на Грција. Падот на целокупната југословенска војска ја беше деморалисала и таа единица и без

никаков отпор му се предала на двата германски војници. Опфатени од паника и страв од одмазда на месното население, Меглен го напуштиле уште додека германските војски навлегувале во Солун на 8 април и џандармеријата и другите власти, чии луѓе во апсолутно мнозинство произлегувале од јужните предели на Грција.

Во новосоздадената безвласна положба бежанското грчко население, што во областа било колонизирано 1924 година, и кое својата сигурност ја заснoвало врз присуството на грчката власт, се почуствувало несигурно. Плашејќи се од реваншистички акции и истапи на домородното македонско население, од кое еден дел во бегањето на грчката власт го гледало и своето ослободување од секојдневната тортура на истата[1]. И тоа не без причина.

Окупацијата и сите нејзини последици најпрвин се почуствувале во градот С´боцко. Било забележано нагло исчезнување на трговска стока од пазарот, цените на поедини артикли се качиле до недостижност. Вредноста на драхмата опаднала, а од сето тоа печалби извлекувале само група црноберзијанци кои од народната трагедија извлекувале најголема корист. Страшната глад што во текот на зимата 1941-42 година ги зафатила големите градови во Грција, натерала голем дел од загрозеното население да доаѓа по храна дури до далечниот Меглен. Навистина Меглен заслужува почесно место во аналите на историјата од германската окупација, кој со родноста на своите полиња и традиционалното гостопримство на населението - македонско и грчко, спаси од глад илјадници гладни луѓе, кои инаку во градовите би нашле сигурна смрт.

Безвласната ситуација, што завладеала во Областа по првите месеци од окупацијата наскоро ја заменила реставрацијата на стариот апарат, кој охрабрен од окупаторот постепено се враќал на старите места. Природно било дека на окупаторот му биле потребни луѓе, апарат што ќе ги исполнува неговите наредби. И луѓето што до вчера ѝ служеле на диктатурата, сега безрезервно се ставиле во негова служба. Една од првите мерки што го погодиле селското население бил пописот и одземањето на еден дел од неговата реколта, што го вршеле комисии составени од припадници на новите џандармерски одреди, наречени екантондархии и од новите кметови назначени од окупациските власти. Но ваквиот почеток на грабањето на имотот на селаните неминовно морало да значи и создавање на благопријатна почва како и почеток за созревање на мислата за отпор против неканетиот гостин и борба за неговата егзистенција.

## *Првите чекори на Отпорот*

Кога станува збор за учество на населението од Меглен во антифашистичката војна на грчкиот народ, во која паднале неговите најдобри синови, нужно е да се фрли еден бегол поглед на политичкиот живот на населението од областа пред и во очи на последната светска војна. Да се изнесат политичките и социјалните услови под кои живеело тоа население и уште да се констатира, дали тука постоеле неопходните објективни и субјективни услови и погодната почва за едно народно востание.

Ако станува збор за поголемиот дел од македонското население, тоа најмалку било подготвено да ја прифати борбата против окупаторот. Тоа население, од денот на приклучувањето на Егејска Македонија кон Грција во 1912 година, не ја почуствувало слободата, туку напротив се нашло под режим далеку потежок одошто оној на Турците[2]. Грчките власти спрема домородното население ни еден момент не престанаа да се однесуваат со потценување, отворено го обвинуваа за бугарофилство, а особено џандармериските органи никогаш не избирале средства за спроведување на непопуларните мерки во однос на македонското население[3]. Тоа население знаело само за задолженија: војска, даноци, а доколку некој би имал желба да навлезе во кругот на администрацијата, тоа ретко му успевало, бидејќи во шкафовите на полицијата му стоело досието со опасните епитети „бугарофил" и „комунист". Местата во државните служби ги заземаа само лица од „Стара Грција" и некои од потомците на фамозните „македономахи", од кои повеќето вршеа секакви предавства против сопствениот народ. Политичарите се потсетуваа на македонското население само во предизборните кампањи, кога, за да добијат што повеќе гласови од својот противник, Македонците ги поттикнуваа на омраза кон новодојдените бегалци од Мала Азија, како божем тие да биле причината за нивниот тежок живот. Се разбира дека народот не ги прифаќал тие пароли, зашто нему му било доволно јасно дека истите тие политичари, претставници на грчката буржуазија со својата политика на создавање „Голема Грција" го откорнале тоа бежанско население од неговото родно место, без неговата сопствена волја и на крајот го натрупале во Македонија за да го променат нејзиниот етнички лик. Македонците веќе како по традиција со недоверба гледале кон сите Грци, чуство што кај нив се создало од горчливото искуство од грчкото андартско движење (1904-1908 г.), од времето на Балканските војни, а и после нив. Мегленци, на пример, многу тешко можеле да ги заборават ужасните колежи од андартите во селата Цакони, Луковец, Почеп, Струпино и други села. Впрочем, природно било голем дел од македонското население да не биде задоволно од грчката управа и сосем нормално да ја подржува секоја опозиција против режимот што е на сила, да ги прифаќа паролите на онаа партија, која би му ветувала слобода и подостоинствен живот. На тоа се должи фактот што голем дел од македонското население - особено пролетерјатот од градовите - масовно стапило во редовите на Грчката комунистичка партија, кога таа во 1924 година се појавила со лозунгот за самоопределување на Македонија и Тракија, и голем број Македонци подоцна ги дале и своите животи за делото на Партијата.

По јулската реорганизација на Комунистичката партија на Грција во 1941 година, која имала судбоносно значење за организирањето на Народноослободителното движење во окупирана Грција, веќе во септември од истата година и во Меглен се создаваат првите групи на ЕАМ (Национален ослободителен фронт). Во погодни места во Областа, како во Пожарските бањи, селата Зборцко, Тудурче и други места е сместен илегалниот партиски апарат, што трескаво се зафаќа со издавањето на информативни билтени, летоци, а

подоцна го издава и органот на Окружниот комитет на КПГ „Флога“ (Пламен).

Пролетта од 1943 година сите споменати националистички струења спласнуваат или воопшто исчезнуваат, со тоа што како најсилен политички фактор во политичкиот живот на Областа се јавува организацијата ЕАМ (за чие што формирање авангардната улога и припаѓа на КПГ). Таа проникнува во сите села и околу себе ги обединува прогресивните елементи за борба против окупаторот и неговите домашни соработници. Дури и голем дел од заведените од разните националистички пропаганди сега имаат можност да сватат дека хитлерофашизмот, кој колку повеќе го чувствува поблизу својот крај, толку повеќе се служи со методите на ширење расна омраза меѓу населението за да му зададе удар на народниот отпор против него. Особен впечаток кај македонското население предизвикуваат ставовите на КПГ за рамноправност на Македонското национално малцинство во рамките на една народно-демократска Грција.

Голема заслуга за привлекување во редовите на Отпорот на македонското население од Областа ѝ се припишува и на македонската организација од Воден, организирана од македонски комунисти од градот, која уште во мај 1942 година се јавува под грчките иницијали МАО (Македонска ослободителна организација), која се бори за разобличување на бугарскиот фашизам, германската „ослободителна мисија“ прво меѓу Македонците во Воден, а после го проширува својот реон на акција во Мегленско. Истата Организација летото 1943 година во Мегленско е позната под името „Македонски реон“, која дејствува во Воден и во сите македонски села од западниот дел на Меглен. Истата издавала и свој весник „Црвена звезда“ на македонски јазик на воденски говор и со грчка азбука, како и билтен во кој се изнесувале вести и информации од положбата на разните фронтови.

Една саботажна акција во почетокот на месец декември 1942 година на железничката линија Гевгелија - Гуменџе - Солун му покажува на непријателот дека веќе во оваа област постои и партизански одред и дека се припрема вооружена борба против него. Германците во правецот на Кукуш, Гуменџе и Воден веднаш реагираат на оваа прва партизанска акција на ЕЛАС (Грчка народно-ослободителна војна). Ги блокираат селата Тушим, Љумница како и некои други села во Источен Меглен. Тогаш е пронајден логорот на ЕЛАС на Кожуф и уништен заедно со складираните продукти, а од селото Тушим е стрелан еден воденичар. Од селото Љумница одведени се во концентрациониот логор „Павлос Мелас“ во Солун 12 селани од кои еден бил егзекутиран*.

Растурањето на агитационен материјал за успесите на Сојузниците на Источниот фронт, во Африка, како и отпорот на народот во некои окупирани земји во Европа, на прво место Народно-ослободителната борба на народите на Југославија, ја зголемувала вербата на македонското и грчкото население и од Меглен за скорешна победа против окупаторите.

Надежите за скорешна победа и банкротирање на хитлерофашизмот се уште повеќе зголемени со капитулацијата на фашистичка Италија на 8 сеп-

тември 1943 година. Организираниот митинг од ЕАМ во С́боцко на 6 ноември 1943 година, на кој учествувале преку 10.000 учесници од околијата, ја демонстрира силата на Народно-ослободителното движење и масовното учество на народот во тоа движење. Токму затоа и германскиот окупатор со поголем бес се нафрлува против мирното население по селата и градовите, со цел да го задуши народното востание, со колежите и горењето на цели села да го скрши духот и моралот на населението, кое е неисцрпна база за снабдување на партизанските единици. На 18 септември 1943 година во градот С́боцко, во Меглен е изведена првата акција на германските СС-овци. Уапсени се 5 граѓани и одведени во концентрационен логор. По неколку дена една германска единица одново доаѓа во градот, кога е изгорена куќата на учителот Георгјадис, ограбен станот и амбулантата на лекарот Лазарос Влахопулос и убиен земјоделецот Јанис Николаидис. Организациите на отпорот не задоцниле да им влезат по трагите на предавниците, кои за целото движење ги известувале Германците. Тоа биле двајца агенти на непријателот во С́боцко Ристо Самарџијата и Кочо Икономов, кои подоцна беа уапсени од ЕЛАС и осудени на смрт.

Меглен, кој до есента 1943 година се наоѓа во извесна релативна тишина, бидејќи тука немало стационирана непријателска војска, сега на Германците им задава големи грижи. Окупаторот е информиран дека на планините Кајмакчалан и на Пајак постојат веќе силни одреди на ЕЛАС и дека тука често наминуваат и партизаните од Вардарска Македонија. Присуството на така значајни партизански сили во оваа област ги загрозува директно комуникациите на окупаторот Гевгелија - Солун и Битола - Воден - Солун, што сега му се најпотребни, бидејќи Црвената Армија сè повеќе се доближува до Балканот и до другите сојузници кон северна Италија, факт што претставуваше директна опасност за повлекувањето на германските сили од Балканот. ЕЛАС, кој до ова време се повеќе бил ангажиран со уништувањето на квинслиншката администрација и искоренувањето на гнездата на колабористичките организации, на 26 декември 1943 година во Меглен дава посериозна борба со непријателот на џадето Воден - С́боцко кај селото Луковец. Нападната е германска колона, при што биле изгорени два камиона и убиени шестмина Германци - војници. На 3 јануари 1944 година цела една германска дивизија го запоседнува градот С́боцко и започнува операции против одредите на ЕЛАС на Пајак, Кожуф и Кајмакчалан. На 5 спроти 6 јануари еден баталјон на ЕЛАС под команда на Петро (комесар на 10 дивизија на ЕЛАС) и Арапис (офицерот од грчката регуларна војска Катаподис) ги нападнал Германците во С́боцко. При овај напад бил убиен германскиот мајор Сјумерс - началник на штабот на дивизијата, како и неговиот агјутант. Од партизаните еден бил фатен ранет и егзекутиран. Другиот ден Германците го блокирале градот, неколку души (8) од населението ги егзикутирале без никаква судска процедура, а други 83 мина ги одвеле во градот Воден.

За време на споменатата непријателска офанзива во Меглен најмногу пострадале селата Баово и Црнешево. Со помош на предавници од Баово била провалена баовската организација на НОБ при што биле уапсени триесет души

од селото. Тројца од нив: Весков Ристо, Хаџиев Петре и Алексо Пушинов веднаш биле стрелани. Останатите биле одведени во концентрациониот логор „Павлос Мелас" во Солун, каде што десет од нив биле екзекутирани, а другите испратени во логорот Дахау. Стреланите борци беа: Перлики Тануров, Ѓорѓи Т. Шаламанов, Мицо А. Куклов, Коста Ч. Весков, Захарија П. Весков, Ристе М. Рачичков, Спиро З. Рачичков, Никола В. Тумбев, Ристо В. Ропков, Мичо Ј. Драмбозов, Ташо Валгадоров, Нико П. Икономов, Иван Г. Калојанов, Ристо Ц. Ристов и Крсте Тумбев.

За да би се добила уште поподробна слика за ѕверствата и ужасите извршени за време на таа зимска непријателска офанзива во Меглен, чии автори биле самите германски војници или нивни наемници, заслужува да се споменат и настаните во село Долно Родиво. Кон крајот на јануари една германска колона составена од Германци и Италјани по кратко судрување со еден одред на ЕЛАС кај селото Д. Родиво, при кое загинал капетанот на ЕЛАС Спиро, окупаторите навлегоа во селото, каде се оддале на ограбување и малтретирање на населението. Ѕверски биле силувани неколку жени, од кои едната подлегнала на здобиените рани.

Во јануари 1944 година, по претходна спогодба меѓу германските и бугарските окупаторски власти на германските вооружени сили, кои презеле акции против ЕЛАС на територијата западно од Вардар (Пајак, Кајмакчалан, Кожуф) им притекнале во помош и бугарски воени сили од Гевгелија и Битола.

Навлегувањето на бугарската војска од секторот на Гевгелија во Меглен започнало на 16 јануари од селото Љумница (Скра) од кое уапсиле 5 селани, ограбиле добиток и други намирници. Во селото Купа изгореле 4 куќи и ограбиле многу имоти. На пат од Ошани за Бериславци ги стрелале селаните: Диониш Порцел и Аристиди Толи од Ошани, како и селаните Димитар Николче, Димо Николче, Јован Николче, Христо фенда и Јован Попдимитров сите од Бериславци. На среде село ги стрелале селаните Вангел Кара и Никола Фенда. Потоа опожариле 5 куќи и десетина плевни. Пред влегувањето во селото Лугунци, од бугарската војска биле убиени седум селани од ова село кои преплашени од доаѓањето на војската се сокриле во нивјето. Во самото село беа уапсени други дваесет селани од кои десетмина биле стрелани надвор од селото, додека една група од осум селани благодарејќи на хуманите чуства на офицерот, кој со десетина војници ги носеше на стрелање останале живи. За да го продолжат своето „ослободително" дело бугарските фашистички војници, по стрелањето на 17 мирни селани од Лугунци го изгореле поголемиот дел од селото (38 куќи, 34 племњи, училиштето и општинската зграда). А најголемото клање што го изврши бугарската фашистичка војска при овие операции било во селото Н´те, каде на свиреп начин биле стрелани надвор од селото и фрлени во масовна гробница 46 селани, 44 куќи биле изгорени и цело село ограбено.

Во споменатата зимска германска офанзива на територијата на Меглен на страната на партизанските одреди на ЕЛАС активно учество земале и партизанските единици на Вардарска Македонија, кои во тоа време дејству-

сојузничко оружје, зашто англиските авиони кои на партизаните им доставувале оружје, токму истата вечер пред офанзивата го спуштија оружјето.

Истовремено една германска колона од С´ботцко го фатила правецот преку Фуштани за на кај селата Н´те и Ошани со намера да им го пресече патот на партизаните од Пајак Планина кон Кожуф. На тој сектор се наоѓала Втората македонска бригада и единица од 30-та бригада на ЕЛАС. Првата македонско-косовска бригада, која исто така се наоѓала на овој сектор во деновите на оваа офанзива, на 7 јануари извршила силен напад на стационираните во село Фуштани германски сили, при што биле убиени преку 100 фашистички војници и многу ранети. На 11 јануари од деловите на Втората македонска бригада нападната е германската колона во движење кај селото Ошани, која била потполно разбиена. Тука биле убиени 15, а заробени 13 германски војници.

На 18 јануари Германците презеле нова офанзива против македонските единици од Вардарскиот дел на Македонија и единиците на ЕЛАС. Една германска колона на пат за с. Тушим е дочекана во месноста „Црвени брегови" и разбиена. Непријателот тука оставил 123 мртви војници и офицери, а во рацете на партизаните паднале големи количини муниција, оружје, и друг плен. Во печатот на ЕАМ и ЕЛАС во врска со овие успеси на македонските партизани се напишани најпофални зборови*.

Меѓу другите борби водени од македонските партизани од Вардарска Македонија што ќе останат длабоко во сеќавањето на населението од овој крај, е и борбата кај селата Пожарцко и Тресино во Западен Меглен во февруари истата 1944 година. Германската колона што од С´ботцко настапувала на кај селото Пожарцко била пресретната со силен огин од македонските партизани и таа, покрај својата надмоќност во луѓе и оружје не можела да напредне. Тогаш Германците го направиле она што го прави една армија која изгубила секакво чуство на морал, хуманост и човечност. Тие го собраа мирното население - старци, жени и деца од селото и го ставија како штит зад кој се движела војската. Македонската единица гледајќи во каква опасност е изложено населението реши да отстапи постепено кон Кајмакчалан. При повлекувањето бил ранет митралезецот Рале од Кавадарци, кого фашистите уште жив го обесиле на еден јавор среде селото Тресино.

Високиот борбен дух, одличната дисциплина и односот кон луѓето во Меглен на македонските партизани од Вардарска Македонија не останале незабележани од населението[4]. И Македонците и Грците со восхит раскажувале за борбите што ги воделе Титовите партизани, на конференции и забавите се пееле југословенски партизански песни. Но ваквата нивна популарност од друга страна стана причина да се вознемируваат некои од раководителите на грчкото народно-ослободително движење од типот Панделис (раководител на ОК на КПГ за Мегленско), кои не задоцнија да протурат гласови, дека југословенските партизани шират „автономистичка пропаганда" меѓу македонското население. Навистина, не било тајна дека македонското население, гледајќи го начинот по кој се решавало македонското прашање во Југославија, преку своите македонски кадри во КПГ, ЕАМ започна да поставува повеќе барања, како

формирање на свои единици и сл., но тоа истовремено одлучно се борело против автономистичката пропаганда.

### *Формирање на Македонскиот баталјон на Кајмакчалан*

Кон средината на јуни 1944 година и на територијата на Воденскиот округ на планината Кајмакчалан е формиран македонски баталјон составен од македонски борци во состав на 30 бригада на ЕЛАС, слично на македонскиот баталјон што малку подоцна бил формиран и на подрачјето на Вич Планина за македонските борци од Костурско и Леринско.

Овој настан е примен со неописливо воодушевување од македонското население, бидејќи првпат во неговата национална историја формира своја војска која ќе се бори за правата и стремежите на македонскиот народ.

На формирањето на македонскиот баталјон на Кајмакчалан му претходеа долги и мачителни дискусии на Покраинскиот Комитет на КПГ, и на Окружниот Комитет итн*. Но по неколку месеци бил фомиран македонскиот баталјон на Кајмакчалан, за чиј што раководен кадар биле назначени Ѓорги Урдов - Џоџо како комесар, и членови на штабот Ѓорги Атанасов - Блаже и Павле Раковски - Гоце. Но од недоверба кон македонските кадри партиското раководство командувањето на баталјонот му го довери на Левтерис Фундулакис од островот Крит, офицер од поранешната грчка армија.

Дискусиите и формирањето на македонскиот баталјон дошле како резултат од барањата на македонското население, кое со своето учество во НОБ барало и задоволување на своите минимални малцински права, да има свои организации, своја војска и одбори по примерот на Македонците од Вардарска Македонија. За жал раководството на Партијата на сите тие барања на македонското население гледало „автономизам", без да води сметка за шовинистичките истапи на ЕЛАС, па дури и на поедини партиски раководители, истапи што ја засилувале недовербата кај Македонците кон Грците и со својот негаторски однос за задоволување на оправданите барања на македонското население всушност го сопирале раширувањето на Движењето. Требало во меѓувреме да се случи отцепувањето на една македонска партизанска група од Костурско од ЕЛАС и стапувањето, од друга страна на поедини Македонци во автомонистичките формации на контрачетите во Костурско и „Охраната" во Воденско, па Партиското раководство да се принуди како на нужно зло да го одобри формирањето на по еден македонски баталјон во Костурско - Леринско и Воденско - Мегленско, кои ги стави под такви услови за да не можат да се развијат во поголема единица[5]. Но сепак иако со големо задоцнување формирањето на македонскиот батаљон од населението било примено со големо воодушевување, манифестирано од масовното стапување на стотини младинци од Мегленско во неговите редови. Само од селата Баово и Пожарцко излегле по стотина борци и тоа со сопствено оружје.

По растурањето на неколку позиви до населението во Мегленско и Воденско од страна на штабот на македонскиот баталјон на Кајмакчалан, одзивот на младината за стапување во редовите на оваа македонска партизанска формација имал земено такви размери што на место да го израдува раководството на КПГ- ЕАМ и ЕЛАС на оваа територија, ова последното веќе започнува да размислува како да го спречи тоа масовно стапување на Македонците во оваа единица. Назначената за таа цел лекарска комисија од страна на ЕЛАС и инсталирана во селото Манастир на подножието на Кајмакчалан, успеала мнозина од борците, покрај нивното противење, да ги испрати назат по нивните села, бидејќи наводно имале слабо здравје. Но кога и тоа многу не помогна за разубедување на младината, биле преземени и други мерки, како на пример: првата екипирана чета од овој македонски баталјон е одземена од теренот на Мегленско и испратена во планината Каракамен (Вермион) Негушко и ставена во составот на XVI бригада на ЕЛАС, додека на баталјонот во Кајмакчалан му биле дадени стриктни наредби да држи под оружје само една чета, додека останатите борци би вршеле само помошни работи*. Ваквиот однос на раководството на КПГ сосема јасно говорел дека ниту најмалку не мисли сериозно на создавањето на македонски одреди, туку само дека тактички маневрира за залажување на желбите на македонското население. Ваквиот став на раководството на народно-ослободителното движење бил резултат не само на шовинистички остатоци кај ова раководство, туку и на капитулантската политика на раководството на КПГ пред избегличката грчка влада во странство и пред Англичаните, политика која го најде својот израз во решението на тоа раководство на крајот да ги ликвидира македонските партизански формации на териториите Воденско и Леринско - Костурско. Така во првите денови на октомври 1944 година сите знаци јасно покажувале дека се оди кон ликвидирање на македонскиот батаљон на Кајмакчалан. Раководството на баталјонот не можело да остане со скрстени раце и гледајќи ги тенденциите на раководството на КПГ и ЕЛАС се побуни и за да се избегне секаков судир и крвопролевање со братските единици на ЕЛАС претпочита да помине на територијата на Југославија со желба да ја продолжи антифашистичката борба. „Непослушноста“ на Батаљонот била оквалификувана како антиреволуционерен бунт, неизвршување на воена задача и организираниот терор против семејствата на борците со испраќањето на некои од нив во логори во село Баово и Трифулчово (таткото на Ѓорги Атанасов, жената на Павле Раковски и др.) многу малку се разликувало од сличните мерки на окупаторите против фамилиите на партизаните.

Раководството на КПГ никогаш порано па и сега не сакало да се погрижи да ги види и да ги пронајде причините што го натерале Македонскиот баталјон на ваков чекор, причини што биле многу подлабоки и многу посериозни отколку самото отцепување на една воена формација. Раководството на КПГ не сакало да разбере дека отстапувањето на Баталјонот било резултат на погрешната политика на Партијата по македонското прашање и на место да ја ревидира таа своја погрешна политика, паралелно со прогонувањето на фа-

милиите на раководителите на Македонскиот баталјон и на неговите симпатизери, од страна на луѓето на КПГ е започната и една беспреседан клеветничка кампања против раководителите на Баталјонот, нарекувајќи ги агенти на Интелиџенс Сервис, охранити, автономисти и што не друго, карактеристики што на борците од НОБ му ги прилепувала дотогаш грчката реакција и Гебелсовата пропаганда. Излишно е да се истакнува дека македонското население ниту најмалку не ги сфаќало за сериозни овие обвинувања, зашто тоа имало доверба во своите синови, во Баталјонот, кои биле авангарда во борбата против фашистичките окупатори.

На 8 септември 1944 година најпосле од Мегленн била повлечена и последната окупаторска единица кон правецот на градот Воден. Последната окупаторска акција што требало да послужи како обезбедување на нивното повлекување, заради тоа што партизанските напади на германските колони и возила на џадето С´боцко - Воден во последно време биле зачестени и за заплашување на населението, биле уапсени преку 70 видни граѓани од С´боцко, кои биле затворени во една мала загушлива просторија, каде за малку ќе се задушеле. Тие биле спасени благодарејќи на острите протести на населението пред командантот на германската единица. Како повод за тоа апсење на германскиот командант му послужи дезертирањето на неколку Словаци и Полјаци од германската војска и нивното преминување на страната на македонските партизани во Македонскиот баталјон на Кајмакчалан.

За жал, радоста од ослободувањето од фашистичкиот окупатор и за Мегленчани била многу краткотрајна и само после неколку месеци тие требало да се потсетат на пророчните зборови на нацистичкиот командант во С´боцко, кој на насобраното население на градскиот плоштад пред повлекувањето на германската војска му рекол: „Ние сега ќе си одиме. Но тие што ќе нè заменат ќе бидат полоши од нас и тогаш на нас ќе се потсетувате со благодарност...“ Нема сомнение дека германската известувачка служба подобро била информирана за намерите на Англичаните и на грчката избегличка влада, што од Средниот Исток го планирале планот за реставрација на стариот режим во Грција, по цена и на крвопролевање. Многу подоцна и народот сфатил дека и раководството на НОБ во Грција носело голема одговорност на својот грб заради својата капитулантска политика пред западните сојузници, дозволувајќи да го потчине целото народноослободително движење под Генералитетот на Велика Британија за Средниот Исток, со потпишувањето на договорите во Либан, Казерта, акти што на стариот режим преку владата за „Националното единство“ му го дале правото да употреби дури и сојузничко оружје за да се наложи одново во Грција. Предавањето на власта на стариот режим од страна на КПГ - ЕАМ и ЕЛАС и формално било извршено со обезоружувањето на партизанските единици по силата на договорот на Варкиза, склучен на 12 февруари 1945 година во атинското предградие Варкиза. Од тој ден започнало едно ново крваво поглавје во историјата на Народно-ослободителното движење во Грција, посебно за македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ

# ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА СИТУАЦИЈА ВО МАРИОВО ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА 1941-1944 ГОДИНА

За да се анализира едно сериозно прашање како што е воената и политичката ситуација на едно подрачје, област или држава (па било да е тоа град или село) потребно е тоа да се направи преку призмата на расположливата документација, анализирање на литературата и споредување со сеќавањата писмени или усни. Во овој прилог ќе се обидеме да елаборираме едно историско време, една историска област, со исклучително историско значење, а тоа е Мариовската област во текот на Втората светска војна.

Мариово[1] по капитулацијата на кралството Југославија во април 1941 година е приклучено кон територијата што ја окупираше бугарската војска. По поделбата на делот од Македонија, окупиран од бугарската војска на две области, Скопска и Битолска, Мариово административно-политички е вклучено во Битолската област. Најпрво во областа започна од 3 мај 1941 година да делува Битолската обласна полициска управа,[2] под чија надлежност се наоѓаа околиските полициски управи во Битола, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, Охрид и Ресен.[3] Околиските полициски управи со својата работа започнаа да делуваат од јуни 1941 година.[4] Мариово како целина не претставуваше засебна административна или полициска околија, односно населените места кои географски припаѓаа кон него беа распоредени најмногу кон прилепската околија, а помалку кон битолската околија и Тиквешијата. Аналогно на тоа во Мариово се воспоставени седишта на полициски станици (участоци) во следните населени места: станица Дуње со 6 млади полициски стражари,[5] станица Маково со еден постар и три млади полициски стражари,[6] станица Маково со 5 полицајци, подстаницата во с.Витолиште имаше двајца млади полициски стражари, додека пак во рудникот во с.Витолиште, со чија експлоатација раководеа Германците, имаше еден млад полициски стражар.[7] Бројот на полицајците бил променлив, односно често пати се зголемуваше, кога вооружената борба зема широк замав во 1944 година. Но останува овој број како формациска целина и како таков го среќаваме во бугарската документација и извештаи.

За разлика од седиштата на полициските станици, општински центри во Мариово биле селата Старавина, Витолиште и Дуње, кое во документацијата се води и како околија. Интересно е тука да го приложиме и бројот на населението по селата, со што би добиле јасна претстава за селата и нивната бројна состојба во периодот на Втората светска војна. Во општината Старавина беа вклучени 7 села, с.Бешиште со 852 жители, с.Будимарци со 396, с.Бзовиќ со 374, с.Градешница со 954, с.Груниште со 256, с.Петалино со 6 и с.Старавина со 562 жители, или вкупно општината Старавина броела 3.388 жители.[8] Општината Витолиште ги опфаќаше селата: Витолиште со 966 жители, с.Врбско со 158, с.Живово со 216, с.Манастир со 142 и с.Пелчишта со 714, или вкупно општината имала 2.223 жители.[9] Најголема по бројот на селата и бројот на население беше општината Дуње. Во нејзиниот состав влегувале селата: Брник со 213 жители, с.Вепрчани со 357, с.Ѓуѓаково со 144, с.Дуње со 562, с.Кален со 207, с.Кокре со 217, с.Крушевица со 496, с.Маково со 324, с.Орле со 152, с.Нештани (односно Пештани) со 163, с.Рапеш со 355 и с.Чаништа со 471, или вкупно општината броеше 3661 жители. Тука спаѓа и с.Суводол (што се наоѓаше во општина Стругово) со 364 жители.[10] Од овој преглед се гледа дека Мариово имаше солидна база од преку 10.000 жители што беше од интерес како за бугарската власт, така и за Германците кои сериозно беа заинтересирани за рудното богатство на Мариово. Токму тука беше насочен интересот на бугарската пропаганда за побрзо асимилирање на населението на Мариово и негово прикажување како дел од бугарскиот народ.

Во 1941 година бугарската пропаганда започна со интензивно отварање на бугарски училишта во градовите и селата во Македонија. Иако во овој почетен период Мариово не беше опфатено со пропагандна активност како во другите краеви, сепак од есента 1941 година и во Мариово започна со училишна настава на бугарски јазик и со величење на бугарската кауза дека македонскиот народ е дел од бугарскиот. Во таа смисла се отворија читалишта, на пр. читалиштето во с.Старавина, и се носеа бугарски книги и друг вид литература со пропаганден карактер.[11]

Во наредните години се правеа обиди да се активираат читалишта и во другите села, потоа да се формираат друштва со националистички карактер како и профашистички организации, особено форсираната организација во тоа време „Браник". Но сето тоа беше стихијно и неорганизирано во Мариово, а кое пропагандата што се обиде да го оправда поради: „далечината, непроодноста на патиштата, лошата комуникација и несигурноста на подрачјето, населените места на Мариово се оставени за опфаќање за наредните години. Сето, тоа што е направено до сега (1942 н.з.) е недоволно."[12] Овој извештај ја отсликува состојбата во целата област, со забелешка дека таа се анализирала глобално без некое поконкретизирано објаснување било од политички, пропаганден или друг аспект. Секако поради географската специфичност Мариово го немаше тој интерес, како градовите.

Извесна активност во ноември1943 година се обидоа да спроведат браќата Јордан и Димче Чкатрови, кои обиколувајќи ги селата на Мариово, пред насе-

лението ја пропагираа идејата за автономна Македонија на чело со Ванчо Михајлов. Но позитивни резултати во смисла воспоставување поцврста организација не се постигнаа.[13)]

# I.

Непосредно по окупацијата на Македонија се пристапило кон подготовка за кревање на вооружено востание. Мариово беше една од областитеземени предвид за идниот развој на вооружената борба. Затоа партиските активисти, членови на комунистичката партија, уште летото 1941 година се ангажираат за создавање партиска база која ќе го овозможи исфрлањето на партизанските одреди и почетокот на вооружените акции. Затоа, во втората половина на август 1941 година доаѓа до средба на претставниците на партиските организации од Кавадарци и Прилеп на која се разговараше за подготовките за исфрлање на партизански одреди во Тиквешијата и Прилеп, а како еден од можните терени за дејствување е предвидено и Мариово.[14)]

Најпрво се започна со организациски подготовки односно со формирање на селски воени комитети (СВК) во кој беа опфатени партиски активисти и симпатизери од пред војната. Затоа и Борка Левата, во летото и есента на 1941 година, во селата Гудјаково и Дрен формираа СВК со членови Васил Стојановски, Ане Наумовски и др. Во с.Бешишта, од страна на Драган Дамески-Цигларот и Киро Стефаноски-Мрзата е формиран друг СВК во состав: Трајко Коруновски, Никола Дриволски и Ристо Малчески. За да ја прошири активноста на Мариовците и да дојде до што поголемо организирање и надвор од теренот на Мариово, конкретно со Меглен, преку Ристо Дојчиноски Борка Левата воспоставува врска со Ташко Масин од с.Струпино, кој имаше задача да ги прифаќа во Мариово активистите кои ќе се најдат во тешка ситуација.[15)] Во септември истата година дури непосредно се отпочна со активности за исфрлање на одред во Мариово, во склоп на поширокиот план со кој се планираше организирање на партизански одред со база на Ниџе и Кајмакчалан. Покрај Стив Наумов, во планот за исфрлање на одред учествуваше и Кузман Јосифовски. Според планот, с.Старавина е планирано за база, каде во предходно изградената скривница од страна на Вангел Чукалески, требаше да се складира храна и друг воен матерјал за одредот. Активистите на Вториот реон, по наредба на Стив Наумов набавиле од селата св.Петка, Клабучиште и др. села од Егејскиот дел на Македонија, 17 нови германски мушами, толку колку што луѓе требаше да брои одредот. Во с.Старавина неколку пати доаѓаа Ѓорѓи Наумов-Гоце (брат на Стив Наумов) и Кочо Десанов, со задача да го испитаат теренот и ги допрецизираат натамошните задачи.[16)] Но до формирање и исфрлање на одред не само во Мариово туку и во други планирани реони не дојде „... поради многу кусото време (окулу еден месец) и заради тоа што немавме се уште изградено соодветна организација и тактика за водење на партизанска војна спрема специфичните услови на Вардарскиот дел на Македонија...".[17)] Но

и апсењето во Битола, од 12 октомври и интернацијата од 28 октомври 1941 година, како и тешкотиите да се пренесе матерјалот до Кајмакчалан, беа исто така сериозни пречки и причина за неисфрлањето на одред во Мариово.[18] После вооруженото востание започнато во Прилеп, на 11 октомври 1941 година, бугарската власт ја засили контролата во целиот тој регион, вклучително и во Мариово и ја оневозможи илегалната активност на селските воени комитети, на нивните активности и на сите кои беа поврзани со подготовките за партизанскиот одред.

Во пролетта 1942 година повторно заживеа активноста за исфрлање на партизански одред во Мариово. Во с.Бешишта, Драган Дамески и Киро Стефаноски со членовите на СВК откако ги проценија можностите за исфрлање на одред во местото викано „Високо", што се наоѓаше во атарот на с.Бешиште, започнаа со собирање и складирање на храна. Беше собрано скоро 4.000 килограми жито и друга храна, а преку Стефан Трајкоски, помошен лекар од с.Витолишта, се обезбедија во континуитет повеќе лекови и санитетски матерјал. Но од засега непознати причини, повторно не дојде до исфрлање на одред.[19] Според нашите проучувања и добиените сознанија, потоа во текот на целата 1942 година нема било каква натамошна иницијатива или обид за формирање одред или друга воена единица во Мариово.

Во ноември 1942 година, по реорганизацијата на одредот „Ѓорче Петров",[20] според замислата на ГШ на НОВ и ПОМ, тој требаше да делува во реонот на Мариово.[21] Меѓутоа на 20 декември одредот е разбиен од бугарската полиција кај манастирот „Прилепец". Во Мариово одредот требаше да се соедини со одредот „Даме Груев", со кој беше и Киро Крстевски-Платник. После 2-3 дена чекање во манастирот Чебрен, К.Крстевски-Платник, откако предходно дознава за разбивањето на одредот, ги испраќа борците на одредот „Д.Груев" на зимување. Инаку според замислата на Платник, двата одреда требаше да го нападнат рудникот во с.Витолиште и да ја развијат вооружената борба на овој терен.[22]

Во Мариово во декември 1942 година од Леринско, Егејскиот дел на Македонија, се префрли одредот „Јане Сандански" и се смести во манастирот Чебрен, со цел да се соедини со прилепскиот партизански одред. Со помош на одредското раководство во с.Будимирци, во декември 1942 година се формира првиот Народноослободителен одбор во битолско, како еден од првите никулци на новата народна власт.[23] Но не се остана само на тоа. Со писмото на Кузман Јосифовски-Питу, упатено до Киро Нацев, инструктор на ПК на КПЈ за Македонија од 12-13 декември 1942 година, се инсистираше во Мариово да се засили активноста за вклучување на Мариовци во вооружената борба зашто: „... незадоволните мариовци, со мобилисуењето сега да имат само кој да ги поведит! Таму, таму, друже продирање треба".[24] К.Ј.Питу и во писмото од 20 декември 1942 година, упатено до Благоја Талески, секретар на МК на КПЈ за Прилеп, повторно инсистира во Мариово да се формира и еден одред од прилепски и битолски борци со штаб кој ќе делува во Мариово. Но тоа не беше возможно зашто: „... во градот сега имат хапшења...".[25] Присуството на партизанските

чети во Мариово беше причина за раздвижување на месното население за помош на народноослободителната борба. Во почетокот на 1943 година се прошири веста дека: „... Во Мариово и планините се појавија многу вооружени луѓе, борци за слободна Македонија. Тие имаат пиштоли, пушки и по некој автомат... секој ден се множат се повеќе... говорат не српски, не бугарски или грчки, туку на нашиот јазик заради и што се блиски на народот... затоа народот е радосен и целиот ќе се крене на востание за да дојде до слобода...“.[26] Се разбира оваа пропагандна вест не одговараше на вистината, но се настојуваше да се внесе доверба кај населението за поскорешно ослободување.

## 2.

Во почетокот на 1943 година во Мариово нема позначајни активности на воен, партиски или пропаганден план. Тоа се должело на повлекувањето на одредите во поконспиративни места, поради студеното време и разбивањето на дел од партизанските одреди од страна на бугарската војска и полиција. Со цел да се активира рамномерно развојот на вооруженото востание на целата територија на Македонија, односно „...за полесно раководење со единиците и установите на поширокото подрачје на кое се изведувале или се планираше изведување на операции на единиците на НО партизански одреди...“.[27] Со наредба на Врховниот Штаб на НОВ на Југославија, упатен до Главниот Штаб на Македонија од март 1943, целата територија на Македонија е поделена на пет оперативни зони. Во Третата оперативна зона што го опфаќаше подрачјето источно од железничката линија Велес-Гевгелија, со градовите и околиите: Велес, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, влегуваше и подрачјето на Мариово и не само тоа, туку, со истата наредба штабот на зоната доби задача на просторот источно од железничката линија Прилеп-Битола односно во Мариово да формира партизански одред.[28] Во врска со ваквото решение, а за што подобро реализирање на поставената задача, најпрво се започна со теренски подготовки за прибирање храна, облека, обувки и вршење курирски задачи за одржување на локалните врски. За таа цел посебна задача добија партиските и скоевските организации, кои за подобро теренско функционирање во пролетта на 1943 година формираа и скоевска организација во селаата Бешишта, Полчиште и други, а во мај 1943 година преку Коле Канински во с.Старавина односно во Старавинската планина преку Стојко Јовановски е формиран и СВК, во кој влегоа, Димо Шишков, Дончо Трајковски, Трајко Секирков и Ѓорѓи Бацев.[29]

Летото 1943 година врските се интензивираа. Со помош на Ристо Дојчиноски, а по барање на К.Ј.Питу зимата 1943 година, група курири добија задача да го префрлат Круме Наумовски од Тетово до Прилеп, за работа во ЦК на КПМ. Оваа задача беше успешно извршена, за што придонесе и старият илинденец од с.Бешишта Столе Гајтанов, кој во најтешкиот момент ги сокри во своето трло.[30] Преку Мариово зимата во 1943 година се воспоставија и прекинатите врски меѓу ГШ на Македонската војска и месното раководство во

Прилеп. Од ноември до декември 1943 год. поради префрлање на Првата Македонско-Косовска бригада од Дебарца во Егејскиот дел на Македонија се јави застој во излегувањето на нови партизани. Благодарение на активистите на Мариовските селски воени комитети и партиски активности, формираните бази за нови борци се зацврстија, а се создадени и нови во мариовските трла кај селата Кален, Манастир, Полчиште, Бешиште и бичкијата на Тоде Ношпал итн.[31)] На 24 јануари 1944 година една поголема група партизани од Прилеп, преку селата Полчиште, Бешиште и Витолиште, со помош на Р.Дојчиноски и други активисти, успешно се пренесени до с.Бахово каде се приклучија кон баталјонот „Мирче Ацев",[32)] додека во текот на февруарскиот поход Првата Македонско-Косовска бригада успешно го мина Расим беговиот мост благодарение на активистите на СВК од Мариово, за повторно, по нејзиното враќање, да и се овозможи безбеден одмор во местото наречено Опстраница, каде особено ангажираност пројавија Петре Андов, Пејо Пашов и Јован Трајковски, кои Бригадата безбедно ја спроведоа се до Меглен.[33)]

Зголемената активност околу носењето и враќањето на борците и матерјалите преку Мариово придонесе да се размислува за доопремувањето и подоброто снабдување на постојните бази во основа со храна. Во тие кризни времиња кога бугарската власт секојдневно ги реквирираше прехрамбените производи, се донесе одлука заради постојано снабдување со храна да се организира воен магацин. Таков магацин беше лоциран во местото Костеник, а за негово навремено снабдување се задолжени СВК од Полчиште и Бешишта, со главен магационер Неделко Ламев. За да не биде откриен овој магацин од бугарската власт, СВК се ангажира да ги придобие и селските кметови да работат за движењето. Преку секретарот на СВК во с.Старавина, Димо Шишков и Петко Мијаков, беше придобиен кметот на селото Иван Групчев, кој се ставил во услуга на НОД.[34)] Имајќи го предвид ова, не случајно и во писмото на Борко Темелкоски, упатено до Добривое Радосављевиќ, инструктор на ЦК КПЈ, од 4 јули 1944 год. се зборува дека новоформираниот Тиквешки баталјон, заедно со Битолскиот баталјон ќе бидат испратени во Мариово, за да извршат неколку акции и мобилизација.[35)] На тој начин стратешкото значење на Мариово се повеќе доаѓаше до израз, особено по превземањето воени активности на овој терен од страна на македонската војска и активностите на бугарската власт за задушување на вооружената борба.

## *3.*

Интересно е во ограничени рамки да го проследиме военото ангажирање на Македонската војска и политичкото делување на партиското раководство на Македонија во Мариово во текот на 1943 и 1944 година. Ова е значајно од причина што на овој терен се наоѓаа многу значајни рудни наоѓалишта од витален интерес не само за Бугарија, туку и за Германија. Во прв ред се мисли на

рудникот Витолиште. Токму и тука,затоа Македонската војска вршеше постојана атака.

Во плановите на воените единици во овој дел на Македонија, секогаш приоритет му се даваше на военото уништување и на економските ресурси, што беа експлоатирани од Бугарите, а највеќе од Германците. За уништувањето на овие значајни економски ресурси, правени се планови и обиди уште во 1941 и 1942 год. но поради слабата воена сила и некординираност, до тоа не дојде.

Прв воен напад на рудник во Мариово е извршен на 12 јуни 1943 год. и тоа на рудникот за лискун кај с.Дуње, од страна на одредите „Сава Михајлов" и „Добри Даскалов". Во судирите , според германски извори се убиени 30 партизани и 7 Бугари, иако според наши извори таа бројка е помала.[36)] На 3 ноември 1943 год. 2 баталјон на 3-та ОЗ[37)] ја нападнал стругарата во с.Витолиште, каде се наоѓаа 40 насилно мобилизирани работници и одреден број шумари. Но по кратка борба баталјонот се повлече. Пиланата ја бранеа 40 војници, а во кусиот судир загинаа 3 бугарски војници, додека 2 се тешко ранети, а 1 мртов и 2 ранети на страната на 2-от баталјон. На 4 ноември баталјонот ја нападна полициската станица во с.Полчиште а на 6 и полициската станица во с.Клиново. Беа убиени 2 полицајци и запленето 8 пушки со 300 куршуми. По одржаните митинзи, баталјонот го продолжи патот кон Плетвар-Прилепско.[37)] Повторно окулу 22-24 ноември 2-от баталјон добил директива преку Кајмакчалан да замине за Мариово,[39)] со цел напад на општинските управи и масовизирање на вооружената борба. Во меѓувреме Штабот на 3-тата ОЗ се обрнал со проглас до населенито во Мариово за стапување во ослободителната војска.[40)] Впрочем за такво масовизирање се говори и во писмото на Светозар Вукмановиќ-Темпо, упатено до Цветко Узуновски-Абас, од 25 август 1943, во кое Мариово се вклучува секторот Кајмакчалан-Воден-Гевгелија со тенденција за формирање на заеднички грчко-македонски оперативен штаб со задача разбивање на бугарските објекти и бугарско-албанската граница и остварување на заедничка слободна територија како и создавање на Мариовскиот одред, кој ќе биде под контрола на штабот на 3-та Оперативна зона.[41)]

Воени судири од пошироки размери се водени во декември 1943 година. На тоа непосредно влијание извршиле одлуките од одржаното Фуштанско советување во декември 1943 година, на кое покрај другото се дискутираше и за превземање на воени акции на просторот Тиквеш-Мариово каде големиот број гранични бугарски караули беа пречка за создавање на една поврзана слободна територија со слободната територија во Егејскиот дел на Македонија. Првата Македонско-Косовска бригада доби задача да ги нападне селата во Мариово и рудникот Витолиште.[42)] Така баталјоните „Мирче Ацев" и Косовскиот баталјон, на 31.12.1943 година го нападнаа с.Витолиште кога бугарските полицајци во полициската станица во селото ја прославуваа новата година. Нападот беше успешен, а сите заробени полицајци и шумари затекнати во полициската станица биле стрелани, архивата изгорена, а храната од магацините разделена на селаните.[43)] Нападнати се и полициската станица и во с.Полчиште и Бешиште, а потоа беа организиран митинг во селата Витолиште, Полчиште

и Бешиште, на кој зборувале Методија Андонов-Ченто и претставници од Бригадата.[44] Запленети се 4 радио апарати, 3 машини за чукање, 1 пушко митралез, преку 25 пушки, многу брашно итн. а се истурени и преку 2000 литри нафта.[45] На 2 јануари е нападнат и рудникот за лискун (кој од с.Витолиште е оддалечен 1 до 2 часа одење пеш), од страна на Косовскиот баталјон, со задача да ја зароби бугарската војска што го чуваше рудникот и управата на рудникот, потоа да го разруши рудникот и да ги минира неговите машини. Но поради големиот снег и студеното време, рудникот не можеше да се обиколи и уништи. Сепак, истата ноќ една група отиде на ископите на рудникот за лискун „Ѓуров Камен" а другата кај самите постојки во рудникот. При тоа се уништени машините за бушење , два големи компресори а со себе доведоа и 13-14 работници, како и повеќе воени и матерјални средства. Така за извесно време е онеспособен за работа овој рудник односно копањето на рудата која е неопходна за германската авионска индустрија.[46] На 3 јануари 1944 година Баталјоните ги напуштија селата во Мариово и се упатија на југ кон Бугарско-Грчката граница, воодушевено поздравени од населението, со искажаните желби за нивно повторно враќање и ослободување на Македонија.[47]

До ноември 1944 година, во Мариово има постојани воени акции и судири на Македонската со Бугарската и Германската војска со променлив интензитет и ефикасност. Но сепак за одбележување е масовизирањето на вооружената борба и активното вклучување на територијата на Мариово во тие настани. Според планот на ГШ на НОВ и ПОМ од 18 јануари 1944 година за Февруарскиот поход, се предвидуваше Првата Македонско-Косовска бригада да изврши продор и движење во централниот дел на Македонија, со користење на територијата на Мариово. Иако во текот на овој поход не се извршија вооружени напади на населените места и објекти во Мариово, сепак ползувањето и престојот во оваа област не само на Првата туку и на Втората бригада,[48] придонесоа да се зацврсти организационата поставеност и на партиската и позадинската активност од страна на партиското и военото раководство на Македонија. Така Добривое Радосављевиќ и Борко Темелкоски се ангажираат за да ја организираат и водат воената и политичката активност на просторот на Мариово (како и подрачјето на Тиквеш и Преспа), со оглед на заостанувањето на таквата дејност во повеќе секторски области.[49] Зашто, според извештајот на Никола Минчев, секретар на 3-от ОК на КПМ, упатено до Б.Темелкоски, член на ЦК КПМ од 17.1.1944 година „... сета работа (се мисли на партиската и позадинската активност итн.) не е тргнала напред. Дури некаде оде назад, а некаде е на мртва точка (Мариово и Кавадарци), па и работата во нив не е можна ни корак",[50] додека состојбата уште поконкретно ја прикажува Н.Минчев и во еден друг извештај, исто упатен до Б.Темелкоски, но од 19.1.1944 год. во кој тој вели „... И таму (се мисли на Мариово) работата, после 3 месеци се сведуе на едно село" (се мисли на с.Витолиште каде не се успеало да се рашири активноста).[51] Поради таквата ситуација се превзедоа активности за да состојбата се подобри, за што во писмото на ЦК на КПМ упатено до 2-от ОК на КПМ од 27 февруари 1944 год. се вели дека „... ради правилно дејствие на нашите

главни снаги испраќаме групи по сите терени со определени задачи... една група испраќаме западно од Мариово...".[52)]

Во почетокот на март за Мариово заминал Киро Атанасов кој исто требало да помогне во активирањето на работата на теренот,[53)] а според директивното писмо на ЦК на КПМ, упатено до сите обласни комитети на КПМ, од 14 март 1944 година, по санирањето на состојбата од Мариово како околија требаше да се избере еден делегат за Првото заседание на АСНОМ.[54)]

Иако состојбата во Мариово во овој период не ги даде очекуваните резултати во однос на организираноста што ги очекувало партиското и скоевското раководство на Македонија, сепак тоа не значело дека на тој план и не се работеше. Зашто во април 1944 година започнало преку Народноослободителните борби да се извршува мобилизација на нови борци, како што бил случајот на пр. во с.Галиште,[55)] или пак организирањето на постојаната воена единица во Мариово, летото 1944 година, раководена од Р.Којчиноски, која успеа со итрината кај Бешичшта да разоружи една бугарска единица од 300 души.[56)] Главен удар на окупаторската власт, се разбира и придонес на вооружената борба во Мариово во пролетта и летото 1944 год. дадоа единиците на вооружената војска, и тоа 2-та Македонска бригада која на 25 мај 1944 год. изврши едновремен напад на с.Витолиште и с.Полчиште, кои акции беа како одговор на превземената Пролетна офанзива на бугарската војска и полиција против Македонската војска за нејзино уништување.[57)] Меѓутоа, овој напад не беше успешен зашто не се постигнала главната цел, завземање и уништување на рудникот и неговите постројки. При тоа имало и голем број на жртви, и тоа 13 убиени, меѓу кои и Манчу Матак, народен херој и 13 ранети.[58)] Секако дека имало жртви и на бугарската и на германската страна, на кои им помагаа и Балистите.[59)] Поради ограничениот простор и неможноста да се престави целата воена акција, тука само кусо ќе забележиме дека обезбедувањето од бугарска и германска страна беше солидно поставено, а изненадувањето како фактор на единиците на Втората бригада не успеа зашто се пристигнало во раните утрински часови кога целокупното обезбедување на рудникот било на своето место.[60)]

Значајно е и да се обележи и формирањето на НО Одбори во Мариово во почетокот на јуни 1944 год. Во писмото на Коле Просветениот (Никола Поповски), упатено до Добривое Радосављевиќ од 5 јули 1944, се вели дека во почетокот на јуни во Мариово се формирале НО Одбори во три села.[61)] На 6 јуни на слободната територија на Мариово е формирана и првата команда на место на просторот на 3-тата ОЗ. Командата, која во прво време е сместена во трлата надвор од населените места а по ослободувањето на Мариово, при крајот на август, во с.Манастирец, а во чиј склоп делуваше и една чета борци при командата, имала задача да обезбеди храна и облека за оперативните единици и мобилизација на нови борци.[62)] Командата даде непосредна помош во оформувањето на народната власт во Мариовско. Составот на командата од 6 јуни до 9 септември 1944 год. беше следниот: командант Ристо Дојчиноски, зам.командант Стојко Стојаноски, пол.комесар Никола Поповски, по снабду-

вање и исхрана Трајко Попоски (од август 1944 год.) и санитет Стеван Трајкоски, исто од август 1944 год.[63)] Како резултат на тој продор и формирањето на првите облици на народна власт, а со цел да се зацврстат организационо и политички партиските и скоевските организации на теренот како и создавање на поголема војска која ќе биде во можност да создаде поширока слободна територија и избор на претставници за АСНОМ, се предвидуваше, како што стои во писмото на Цветко Узуновски, член на ЦК на КПМ, упатено до Д.Радосављевиќ, од 14 јуни 1944 год. „... еден баталјон да остане на теренот на Тиквеш, Мариово и од таа страна на Пилепско, исто така со задача во најскоро време да прерасне во бригада".[64)] Набргу потоа, односно наредниот месец, се пристапи кон реализација на тие задачи. Така, по претходна подготовка, се избрани и предложени од Битола и Мариово 15 членови за Првото заседание на АСНОМ,[65)] а според писмото на Вера Ацева, секретар на 3-от ОК, упатено до Љупчо Арсов од 10 јули, се говори и за успешниот продор и развој на НО Комитети, во повеќе места меѓу кои и во Мариово, за што, како што се вели во писмото, главна заслуга имаат позадинските работници.[66)] Во почетокот на септември, по наредба на Пенко Здравковски, Јосиф Стојчески и Илија и Цветан Беличанец заминаа за Мариово со цел во сите села да формираат НО Одбори, Народен Фронт, Младина и АФЖ. Така Ј.Стојчески се ангажирал во Дуњската општина, а браќата Беличанец во Витолишката општина. Иако во селата веќе постоеа ослободителни одбори по 2-3 члена, сепак се пристапи кон реорганизација и прв НО Одбор е формиран во с.Здуње, а потоа и во селата Кален, Кокре, Пештани, Вепрчани, Крушејца, Чаниште и Гудјаково, каде се формирани Месни НО Одбори од по 5-7 члена, Народен Фронт, а подоцна и младинска организација. Преку Блага Ковилоска и Ратка Ѓаконоска се организираа жените во Витолишка и Дуњска општина, односно се формираа организации на АФЖ.[67)]

Штабот на 2-ра ОЗ при крајот на септември 1944 год. формира команда на место за Мариово, на кого му дадоа на располагање 1 одред од 50 души. Одредот според писмото на Б.Темелкоски, упатено до ЦК на КПМ од 27 септември 1944 год. се вели: „... го појачавме и му дадовме задаток да стално удира по пругата и џадето Прилеп-Битола и Мариовска страна."[68)] Меѓутоа, кога станува збор за постоење на воена единица на мариовски терен, треба да се има предвид дека во почетокот на септември Стојан Клепјански е испратен за Мариово со задача да врши мобилизација на нови борци за НОВ. Во Мариово формира мобилизационен центар чиј командант станува лично тој со околу стотина борци, кој потоа нараснува на околу 660 и влегуваат во составот на 10-тата бригада.[69)] Некаде оваа единица се нарекува Мариовска бригада составена од окулу 800 борци со командант Никола Попоски од Прилеп,[70)] додека некаде се нарекува Мариовски баталјон со командант Ламбро Патче и политички комесар Блага Рампова.[71)] Во секој случај пишан документ барем досега за постоењето на било каква Мариовска воена единица, освен сеќавањата на учесниците, немаме, но свидентно е дека се работи за една поголема група мобилизирани лица од Мариово кои до конечното нивно дефинирање и упатување во воените единици на Македонската војска различно се именуваше и,

што е суштински и најважно, учествуваше во борбите за конечното ослободување на Македонија.

## 4.

Развојот и се посилниот замав на вооружената борба во Македонија, особено во 1943 и 1944 година не останаа без соодветни мерки на Бугарите и се разбира на Германците. Тоа се однесува и на Мариово, каде, како што видовме од погорниот текст, интересите се испреплетуваа како на Македонската војска, која одела да го оневозможи и сосема уништи користењето на рудниците од германците, така и на бугарската власт која се обидуваше не само да ги заштити рудниците туку и физички да ги ликвидира единиците на Македонската војска. Тоа особено доаѓа до израз во пролтта и летото на 1943 година, кога одредите „Добри Даскалов" и „Сава Михајлов" извршиле повеќе акции на подрачјето на Тиквеш, Кожуф и Мариово, и посебно по обидот за нападот на рудникот за лискун кај с.Дуње, за што изворни податоци среќаваме и во германската документација.[72)] Германците педантно ги бележеа и известуваа за сите напади на баталјонот „Страшо Пинџур" и 2-от баталјон и 3-та ОЗ како и за нападот на Првата Македонско-Косовска бригада во текот на 1944 година. Овие напади беа причина сериозно да се промени обезбедувањето на овие објекти, но и да се зголеми бројот на воените и полициските сили во Мариово.

Бугарите превзедоа воено-полициски мерки за да ги оневозможи и уште во зачетокот ги уништи односно ликвидира единиците на Македонската војска. Затоа и во јуни 1943 година е превземена Јунската офанзива. Во оваа офанзива беше предвидено да се превземат воени акции и на комуникацијата Прилеп-Витолиште, со цел да се разбијат и уништат одредите, односно истите да се отфрлат од оваа комуникација и се потиснат кон планинскиот масив Кожув. Замислата беше да партизанските одреди се оддалечат од населените места и потоа без материјална подршка од населението да се ликвидираат. Истовремено превземени се и репресивни мерки против народот со крајна цел да се уништи вооружената борба.[73)]

Како што е познато, оваа офанзива не ги даде очекуваните резултати. За поефикасна заштита на рудниците во Мариово се зголемија воените ефективи. Зашто, според германската документација, рудникот за лискун кај с.Витолиште престана со работа (предходно во октомври престана со работа и рудникот за бакар Дудица) што беше причина на пример производството на лискун за месеците мај-август 1943 год. да изнесува 80-90 тони, во ноември да опадне на 70 тони, а за декември и да нема податоци за ископаната руда.[74)] Германците значи, беа приморани да го зголемат физичкото обезбедување, така што од 52 бугарски и државни полицајци кои што во март 1943 год. го обезбедуваа рудникот, веќе во јули тој број се зголемува на 68, во октомври на 101, за во март 1944 год. тој број драстично се зголемува и изнесува 169 (85 бугарски војници, 79 полицајци и 5 фолкдојчери).[75)] И покрај овој број на обезбедување, за

непречно производство на лискун е барано помош и ангажирање од 5-тата бугарска армија. Ангажирани се германски и бугарски воени единици и за уништување на Македонската војска која ги напаѓаше рудниците. Во јануари 1944 година, 91-от германски корпус од Солун, заедно со бугарската 15-та дивизија презедоа офанзива на просторот Караџова-Кожув и Пајак планина што траеше до крајот на месецот.[76] Според писмото на околискиот управител на Прилеп Ст.Танчев, упатено до обласниот директор во Битола од 9.1.1944 год. за санирање и стабилизирање на состојбата во Мариово е потребно: „... 3. зајакнување на составот на граничните стражи и херметичко затворање на границата; 4. Да се остави по една чета војници во гарнизонот во с.Витолиште со најмалку 15 луѓе и 2 постари стражари... 6. Осигурување со превоз и сообраќајни средства со Мариовскиот крај; 7. Снабдување на прилепската околиска управа со брзи превозни средства...8. Зајакнување на станиците: Дуње, Тројаци и Присад уште со по 10 полицајци и нивно снабдување со автоматско оружје".[77] Значи, намерата беше целосно затворање на границата и уништување на сите партизански единици, што значи активностите како од германската така и од бугарската страна беа доста сериозни. Но тоа беше само со привремен карактер и немаше сериозно влијание врз натамошните акции на македонската војска во Мариово.

Повторно за време на Пролетната офанзива (мај-јуни 1944 год.) Бугарите, заедно со Германците се обидоа да го уништат вооруженото востание. Тоа е дел од глобалната стратегија со која се сакаше да се ослободат комуникациите кои воделе од Грција и Албанија кон Скопје и Софија, да се повратат ослободените територии итн. Во борбите што 2-рата бригада ги водела на 25 и 26 мај 1944 год. кај рудникот кај с.Витолиште, од страна на Бугарите е барана помош од страна на 15-от артилериски дивизиски полк, зашто состојбата била доста критична.[78] Иако на овај терен Бугарите претежно биле оставени сами да се справат со единиците на македонската војска, зашто германските единици имаа друга цел, тие во овој период претежно се сконцентрираа на зацврстување на своите позиции во селата на Мариово, за што говори и извештајот на Нада Ангелковска упатен до Добривое Радосављевиќ од 9 јуни 1944 год. каде се вели дека во Витолиште имало 30 војници (а 1941 само неколку полицајци) добро вооружени, во рудникот окулу 30 војници и 7 полицајци вооружени со 6 тешки митралези и друго полесно автоматско оружје, во Градешница имаше 7 полицајци со привремен престој, во с.Старавина 30 војници со тешко вооружување и со изградени 4 бункери, додека зимски стражари имало и во Церова Полина и Трново (по 50 војници), а во Уруп, која е исто така зимска стража има 50 војници. Во селата Чаништа, Крушеица и Кален, немаше војска, што беше конципирано според стратешките планови на бугарската власт.[79]

Неверојатно е за колку брзо време бројната состојба на бугарската војска во Мариово се зголеми за неполни два месеца после овој извештај. Така, според телеграмата на Д.Радосављевиќ, упатена до ГШ на НОВ и ПОМ од 27 јули 1944 год. за бројната состојба на бугарската војска го вели следното: „... Мариово-Стравина-300 бугарски војници, Градешница-150 бугарски војници,

Манастир-40 бугарски војници,Витолиште-40 бугарски војници и 10 контрачетници и с.Дуње-40 бугарски војници..."[80] Но веднаш треба да потенцираме дека ова беше максимумот што во овој период е постигнат во смисол на обезбедување на Мариово со жива сила. Набргу потоа во август 1944 година скоро сите овие сили се повлечени. Мариово како слободна територија постои од август 1944 година што значи, не постоеа средства и начини да се запре вооружената борба. Со тоа само се потврди верbата и истрајноста на Македонците дека само вооружената борба е единствениот патоказ за извојување слобода и создавање своја држава. При тоа и Мариово имаше значајна улога и претставуваше единствена целина во општата македонска вооружена борба што ја водеше македонскиот народ во текот на Втората светска војна.



*Споменик на паднатите борци од НОВ на м.в. „Лигораса"- Мариово*



*Спомен костурница на жртвите од фашизмот на НОВ - Витолиште -Мариово*

**Тодор СИМОВСКИ**

# ВТОРИОТ НАПАД ВРЗ БУГАРСКИОТ 1/15 ПОГРАНИЧЕН ПОДУЧАСТОК ВО КОНСКО НА 26. ДЕКЕМВРИ И ДЕМОНСТРАТИВНИОТ НАПАД НА 31. ДЕКЕМВРИ 1943. ГОДИНА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во средината на декември 1943 година, во еден сосема мал простор на Македонија, Меглен, во пошироката јавност повеќе познат како Караџова, со вкупна површина од само 1021 квадратен километар,[1)] беше концентрирана главнината на силите на Главниот штаб на НОБ и ПОМ на Македонија во состав од осум батљони, поделени во три бригади. Првата македонско-косовска, Втората македонска бригада и групата баталјони, како и XXX полк на ЕЛАС, дислоциран на просторот на планините Пајак и Кајмакчалан. На овој терен се најде и главното политичко и воено раководсво на Македонија.[2)]

Концентрацијата на толку значајни сили во еден сосема мал простор, но толку важен од воено-стратешки аспект, бидејќи се наоѓа во непосредна близина на важни стратешки точки на противникот, пред сѐ железничката пруга Скопје-Гевгелија-Солун, железничката пруга Битола-Солун, градовите Воден, Гевгелија и Гуменџе, а на север исто така на удар се наоѓаа Мариово и Тиквешијата, природно ги вознемири Германците, особено што тие во тој момент биле презафатени во други сектори и не биле во состојба да ангажираат посериозни сили за потиснување на овие партизански сили кои биле концентрирани во Меглен.

Бугарите исто така биле сериозно загрижени и вознемирени. Не можеле да се помират со фактот дека точно тие денови (16. декември), поголемиот број од посадата на 1/15 пограничен участок од Конско, во состав од: еден подофицер, двајца команданти подофицери и 61 војник, предводени од нивниот командант, потпоручникот Дичо Петров Таков, премина на стрната на македонските партизани со целокупната воена опрема, сега како војнички партизански баталјон „Христо Ботев", се наоѓа како борбена воена партизанска единица во составот на групата баталјони при Главниот штаб на НОБ и ПО на Македонија.[3)]

Загриженоста на непријателот беше сосема оправдана, бидејќи знаеше многу добро дека, за разлика од силите на ЕЛАС, кои повеќе биле пасивни

отколку активни, македонските партизани немале да мируваат, туку веднаш ќе превземат сериозни акции удирајќи по чувствителните стратешки позиции.

Од друга страна, причини за радување имаа и сојузниците (при Главниот Штаб на НОБ и ПО на Македонија постоеше Соузничка воена мисија) кои, исто така, познавајќи ја тактиката на македонското воено раководство, не се поколебаа да ветат воена помош; веднаш била испратена една партизанска единица на провизорниот партизански аеродром во Голема Ливада, предводена од членот на Главниот штаб Иван Танев Дојчинов, за примање на ветената воена опрема, за која не постоело сомневање дека наскоро ќе пристигне.[4)]

Од своја страна, Главниот штаб на НОБ и ПО на Македонија, анализирајќи ја воената и политичката ситуација на теренот и пошироко, сосема природно дојде до заклучок дека е неопходно да се преземат широки акции во повеќе правци. Среќна околност бил и фактот што и грчкото политичко и воено раководство прифати да содејствува во овие акции, иницирано за таа цел од претставникот на Главниот штаб на ЕЛАС, Андреас Цимас - Самаринјотис,[5)] кој точно во тие денови пристигнал на овој терен со цел да постигне потесна воена и политичка соработка со македонското и југословенското раководство, како и да воспостави директна радиоврска со Врховниот штаб на НОБ и ПО на Југославија, преку радиостаницата на Главниот штаб на НОБ и ПО на Македонија.[6)]

За таа цел се пристапи кон разработка на соодветен план. Според овој план македонските партизански единици требало да се ангажираат и да ги нападнат воените и другите стратешки објекти во Мариово, Тиквешијата и гевгелиското подрачје,[7)] а силите на ЕЛАС да нападнат одредени воени и други објекти на Германците во правецот на Гуменџе, Бојмица, Ениџе Вардар и Воденско.[8)] Било договорено синхронизираните акции да започнат на 25 декември. Во таа смисла Главниот штаб на НОБ и ПО на Македонија подготвил соодветни планови и ги издаде потребните наредби и тоа: Првата македонско-косовска бригада да го нападне пограничниот бугарски гарнизон во Мрежичко и во продолжение рудникот за лискун во Витолиште, за што сојузниците биле посебно заинтересирани.[9)] Единиците на Втората македонска бригада да ги нападнат кај селата Прждево и Клисура, а потоа бригадата да ги продолжи операциите по долината на Вардар, уништувајќи објекти по железничката пруга.[10)]

## *Нападот врз позициите на 1/15 бугарски пограничен подучасток на 26. декември 1943. година*

Третата група баталјони добила наредба да го нападне и уништи обновениот 1/15 бугарски пограничен подучасток во Конско, а потоа да ги продолжи операциите по должината на Вадар во правеецот на гевгелиското подрачје. Оваа група баталјони била предводена од нејзиниот командант Тихомир Милошевски и била позната како Тичова група баталјони. Била составена од македонскиот баталјон „Стив Наумов“, под команда на веќе прославениот и

опитен командант Наум Веслиевски - Овчарот и бугарскиот војнички партизански баталјон „Христо Ботев, предводен од неговиот командант Дичо Петров Таков, со вкупна воена сила од 200 борци. Групата баталјони од 23. декември била дислоцирана во селоро Лугунци, до самата демаркациона линија и во секој момент ги очекувала наредбите на Главниот штаб.[11)]

Некаде околу пладне на 25. демеквri,[12)] едно младо партизанче испратено од Главниот штаб на НОМ и ПОМ пристигнало во селото Лугунци и влегло во собата каде што престојувал штабот на групата баталјони и на нејзиниот командант Тичо му предало едно затворено писмо во кое била напишана наредбата на Главниот штаб. Тичо, со сета сериозност која прилега во такви моменти, го отворил писмото, и откако ја прочитал наредбата, веднаш го запознал штабот на групата баталјони со содржината на писмото. Во собата, покрај Тичо, се наоѓале: комесарот на групата баталјони: Трифон Балкански, командант на баталјонот „Стив Наумов", Наум Веслиевски - Овчарот, командант на бугарскиот војнички партизански баталјон, Дичо Петров Таков и комесарите на баталјоните, Злате Биљановски - Михаило и Христо Бајалски - Сава.[13)]

Наредбата гласела - во полноќните часови меѓу 25. и 26. декември, двата батаљона да ги нападнат утврдените позиции на 1/15 пограничен бугарски подучасток во Конско, истиот да го уништат, а посадата да биде заробена, но ако и тоа не е можно, таа да биде ликвидирана.[14)]

По читањето на наредбата веднаш се пристапило кон разработката на планот за напад. Тој е направен согласно информациите со кои располагал штабот. Врз основа на овие информации се знаело дека во селото Ума одново е формиран 1/15 бугарски пограничен состав во сила од 105 души, на чело со потпоручникот Иван Динев, дека е сместен во училиштето и на други позиции, каде што усилено се утврдува со окопи и дека во училиштето-касарна во селото Конско, кое е и објект на нападот, е сместена една зборна чета поместена од Гевгелија и зајакната со тешки митралези, пушкомитралези и минофрлачи. Четата е командувана од потпручникот, закоравениот фашист, Ангел Стојчев, а во нејзиниот состав се наоѓаат и тројца офицери и 15 подофицери кои, исто така, копаат окопи и митролески гнезда околу училиштето.[15)]

Информациите со кои располагал штабот на групата баталјони укажувале на фактот дека задачата е тешко остварлива, особено што за нејзиното исполнување буквално не се располагало со потребното време за претходна темелна подготовка. Но наредбата била изричита: нападот врз оваа бугаркса утврдена позиција да се изврши во полноќните часови помеѓу 25. и 26. декември.

Според утврдениот план на штабот за кој најсериозно биле земени предвид предлозите на Дичо Петров Таков, кој најдобро од сите го познавал теренот, единиците на групата батајлони во полноќните часови меѓу 25, и 26. декември требало да го опколат училиштето-касарна во Конско, каде се сметало дека е концентрирана главнината на подучастокот и да ги принуди војниците да се предадат.

За остварување на задачата, баталјонот „Христо Ботев" се подели во три групи. Првата група била предводена од поопитниот партизан и командир во првата чета Георги Гелев - Шумски, а во нејзиниот состав биле подофицерот Марко Марков, политичкиот комесар на истата чета, Петре Балабуров - Минчо, Георги Манолов Димитров - Софијанчето, политички комесар на третата чета и други борци, а нејзината задача била да ги изненадат војниците. Требало да влезат во спалната соба на војниците низ главната врата и, откако ќе ја неутрализираат стражата, да го принудат на предавање. Втората група на овој батаљон, предводена лично од Дичо Петров Таков, имала задача да ја штити ударната група, додека третата група на батаљонот, предводена од заменикот командант на батаљонот Никола Пеев - Груев, имала задача да го оневозможи излегувањето и бегството на војниците, а со тоа и да ги принуди на предавање.[16)]

Баталјонот „Стив Наумов", предводед од својот командант Наум Веслиевски - Овчарот, поделен исто така по чети и своја ударна група, според утвдениот план требало да го заобиколи кругот на касарната и од североисточната страна да изврши опколување, а потоа да навлезе во двориштето, да ги заземе пекарниците и магацинот за брашно и во продолжение да ги затвори приодите кон касарната од североисточната страна.[17)]

Постоеле многу веројатности врз основа на овој план дека, дококу бугарските војници во Конско бидат изненадени, планот на нападот ќе успее во целост.

По добиената богата вечера,[18)] четните командири на двата баталјона, политичките комесари и десетарите се ангажирале за целосна подготовка на претстојаната операција. Командантот на бугарскиот војнички партизански баталјон, Дичо Петров Таков, имал причини да биде возбуден, но не и вознемирен. Требало да го нападне сопствениот пограничен подучасток на кој до пред само десет дена му бил командант. Не знаел како ќе се држат неговите потчинети, до вчера војниците на бугарската фашистичка војска, а сега партизани.

Почнале засилени подготовки за маршот и акцијата. На новите бугарски партизани им била поделена муниција, по 50 патрони и по една бомба и на сите им било речено, од војничките бели чаршафи што ги понеле со себе кога го напуштиле Конско, да исечат ленти од 15 до 20 сантиметри и да ги врзат на левата рака за да се разликуваат од бугарските војници кои требало да бидат нападнати, за да не дојде до некаква несакана забуна. Исто така на сите борци им била поделена сува храна.[19)]

Ноќта меѓу 25 и 26. декември, некаде околу полноќ, борците од двата баталјона на групата баталјони тргнале во правецот на својата цел. Предводел баталјонот „Стив Наумов". Четните конандири на баталјонот „Стив Наумов", Васил Карангелевски, Крсте Соколовски - Пиперката и Сотир Брбевски - Ило, самоуверено ги воделе своите борци кон целта. На чело на колоната, како и секогаш, биле Наум Веслиевски - Овчарот и штабот на групата баталјони.

Одморени, борците не ни разбрале кога ја минале демаркационата линија кај „Конски гроб" и наскоро се приближиле до реката Конска. Тука заста-

нале да се одморат. Паднала команда сите борци боси да ја прегазат студената вода на реката, која тивко шумолела течејќи по своето корито, во правецот на Гевгелија. Бугарските партизани, кои речиси сите носеле ботуши, откако ги собуле, ги врзале со своите војнички колани и ги обесиле на вратот.[20] Македонските партизани ги собуле своите кондури и опинци и некако ги врзале за појасот или ги обесиле на вратот[21] Заменикот политкомесар на баталјонот „Стив Наумов", Илија Спироски - Панде, се сетил на она што му се случило во нападот на Кажани минатата година, ноќта меѓу 18. и 19. август, кога од невнимание си ги заборавил чевлите на местото на битката, па морал бос да се повлекува до Болнската планина, поради што се здобил со рани кои морал да ги лекува неколку дена, па сега внимавал да не му се случи истото, па добро ги врзал чевлите за својот појас.[22] Веќе било околу 3 часот рано наутро. Борците од двата баталјона се приближиле кон целта и секој од нив тргнал да ги заземе своите позиции според однапред подготвениот пан.[23]

Сепак, изненадувањето како важен фактор на битката изостанало. Лавежот на кучињата и тркалењето на каменчињата под босите нозе на борците ги принудиле поставените стражари на подучастокот да бидат на штрек. Но, и покрај тоа, борците од баталјонот „Стив Наумов", успеале на време да ги запоседнат своите позиции, па дури и да навлезат во пекарницата и магацинот за брашно, каде што заробиле еден кандидат подофицир и тројца војници.[24]

Ударната група на баталјонот „Христо Ботев", предводена од Георги Гелев - Шумски, исто така успеала да се пробие до главниот влез на касарната и да го убие стражарот, но се покажа дека главната врата била добро залостена. Почнало да се пука од сите страни. Бугарските војници давале жилав отпор. Командантот на баталјонот, Дичо Петров Таков, гласно ги повикувал војниците од подучастокот да не стрелаат во партизаните, туку да им се предадат. Наивно сметајќи на ефектот на агитацијата, тој ѝ забранил на ударната група да фрла бомби преку скршените прозорци во спалната соба на војниците за да не се дадат непотребни жртви.[25] Тоа можеби се покажало фатално за целиот исход на борбата. Во екот на сè позасиленото пукање и експлозиите на бомби, се слушнале пискотници на деца, жени и старци во една од собите на училиштето.[26] На борците им станало јасно дека во училиштето-касарна се наоѓаат како заложници многу деца, жени и старци од селото Конско, што исто така донекаде ги обесхрабрило партизаните во нивното борбено расположение.

Уште со првите истрели пред главниот влез на училиштето паднала и првата жртва од баталјонот „Христо Ботев". Подофицерот Марко Марков лежеше на земја пронижан од непријателски куршуми. Малку подоцна загинал и водачот на ударната група, Георги Гелев - Шумски.[27] Петре Балабуров - Минчо, кој се најде во негова непосредна близина, молневито ја грабнал пушката на убиениот Шумски и со еден куршум го застрелал бугарскиот војник кој го уби Шумски.[28] Една бомба фрлена од подалеку падна во непосредна близина на Дичо Петров Таков и експлодирала дигајќи голема прашина. Сите помислиле дека командантот е мртов. За среќа, бил само лесно ранет на главата.[29]

Битката станувала сè пожестока, траела речиси пет часа. Одамна се разденило. Секое движење на партизаните и на бугарските војници можело да се види со голо око. Од многу страни светеле јазиците на пушкомитралезите и митралезите и се слушале експлозии на бомби кои, по експлозијата, кревале голема врева и прашина. Од далеку се слушнале пукотници, што укажувало на фактот дека на опколените бугарски војници им пристигала помош од правецот на селото Ума,[30] а постоела опасност такво засилување да пристигне и од Гевгелија. Врските со групите на баталјонот „Христо Ботев“ функционирале беспрекорно, но тие со баталјонот „Стив Наумов“ биле прекинати.[31] Отворената бреша во позициите на баталјонот „Стив Наумов“ овозможила поголема група бугарски војници да му се приближат од грб на баталјонот „Стив Наумов“. Требало да се повлечат за да не дадат излишни жртви. И така почнало повлекувањето под дожд од куршими на противникот, кој, охрабрен заради тоа што им пристигнала помош, излегол надвор од касарната и почнал да врши притисок врз позицијата на партизаните. При една таква ситуација загинал борецот на баталјонот „Стив Наумов“, Живко Гелевски од Асамати, Ресенско, а од редовите на баталјонот „Христо Ботев“ загинал борецот Благоја Крстиќ - Трската од Кавадарци, а во ногата тешко бил ранет заменик политкомесарот на баталјонот Кирил Спанџов - Брко, исто така од Кавадарци. При повлекувањето борците некако успеале да ги понесат со себе лесно ранетите Дичо Петров Таков и Георги Манолов Димитров - Софијанчето, но тешко ранетиот Брко останал на местото на ранувањето.[32] И покрај неповолната ситуација во која се нашле, борците од групата баталјони успеале да се повлечат од новосоздадената ситуација без други жртви, иако многу несредено.

Една тројка од бугарските партизани - новајлии, во состав: Ангел Гочев Гонев, Богдан Донев Богданов и Петко Стојанов Русев, наоѓајќи се во безизлезна ситуација при повлекувањето, се решиле да се предадат. Друга група предводена од интендантот на баталјонот „Христо Ботев“ во состав од бугарските партизани Марко Тонев и Кунчо Начев, Пољакот Конка Рајнан од градот Гдиња и Петко Смилев од селото Конско залутале во спротивен правец и стигнале до селото Миравци, па со судни маки, премрзнати и прегладнети, успеале да стигнат во базата во Лугунци, каде што дури наредниот ден на 27. декември, одново била сместена групата баталјони. Кунчо Иванов Начев, Пољакот Конка Рајнан и Пенчо Атанасов Пенчов биле испратени во Ноти на лекување.[33] Тие, при нападот на Германците на селото Ноти, на 5. јануари 1944. година, биле заробени. Пољакот бил ликвидиран, а двајцата бугарски партизани биле пренесени во Солун, каде што биле лекувани во германската болница, а потоа предадени на Бугарите. Овие двајца партизани, заедно со другите тројца, кои се предале на бугарската војска во Конско на 26. декември, биле сведоци против своите другари, на судскиот процес од военополевиот суд во Скопје, одржан на 22. мај 1944. година, поради што биле ослободени од обвинението.[34]

Кога групата батајлони веќе пристигнала во селото Лугунци и ги сумирала резултатите од исходот на борбата во Конско, се покажало дека биле дадени пет жртви, тројца исчезнале (станува збор за тројцата бугарски парти-

зани кои им се предале на војниците во подучастокот), тројца премрзнале, а двајца биле ранети. Групата батајлони била намалена за 13 борци, од кои 12 од баталјонот „Христо Ботев“ и еден од батајлонот „Стив Наумов“. Редовите на батајлонот „Христо Ботев“ ќе бидат пополнети со четворица нови борци и тоа од кандидатот подофицер Коста Стаматов Рајчев и војниците Богдан Јорданов Манчев, Христо Сергиев Андонов и Трифун Динев Стоилов, кои биле заробени од баталјонот „Стив Наумов“ при нападот во Конско, а кога потоа биле испитувани, изјавиле дека имаат желба доброволно да останат во редовите на партизаните. Еден од нив, Трифун Динев Стоилов, наскоро ќе го замени Ристо Бајалски на функцијата политички комесар на баталјонот „Христо Ботев“.[35)] На противната страна паднале повеќе жртви, односно имало осум загинати и десет ранети, од кои двајца тешко ранети подофицери.[36)]

Вториот напад врз бугарските позиции во Конско страшно ги вознемирил бугарските воени власти, независно од исходот на битката. Познавајќи ги добро силите на партизаните во Меглен преку информациите од предадените бугарски војници кои присуствувале и на свеченоста при формирањето на Втората македонска бригада во Фуштани на 20 декември, а биле сведоци и на топлиот пречек во селото Ноти и другите соседни села, и не без основност, бугарските воени власти дошле до заклучок дека сосема лесно може да се нападне и градот Гевгелија и да настрадаат и војниците кои биле малубројни, како и полицајците и органите на власта, поради што под итно се барало засилување и преземање мерки за гонење на партизаните од другата страна на границата.[37)]

Истото попладне, на 26. декември, во Конско пристигна со засилување и командантот на 1/15 пограничен участок, мајорот Стефан Стојчев, придружен од секаков џган, вклучувајќи ја и контрачетата на крвописецот и џелат Георги Аџимитров - Гевгелиски.[38)] Веднаш се почнало со сослушување на тројцата бугарски партизани, а на тешко ранетиот во ногата Брко, бугарскиот лекар на 2/48 пешадиска дивизија, Хаџивасилев, наместо како лекар да му ја преврзе ногата и да му укаже лекарска помош, почнал како споулавен да скока врз маскршената нога на Брко, нанесувајќи му несносливи болки. Блискиот на мајорот Стефан Стојчев, Георги Семерџиев, го докрајчил Брко мавајќи го по глава со тапата страна од војничкиот нож.[39)] Била дадена наредба да се запали Конско, а селаните да се соберат и да се интернираат од другата страна на реката Вардар. Пет младинци од селото им се придружиле на партизаните. Селото било буквално опљачкано, а потоа и изгорено од разбеснетите бугарски војници и контрачеташи на Георги Гевгелиски.

Наредбата изричито гласела - да се откријат и најстрого да се казнат конспираторите од Конско, Серменин, Гевгелија, Негорци и другите населени места. Биле уапсени голем број селани од наведените села, како и од Гевгелија и од други места. Меѓу нив, тешко обвинети биле седум души од селото Конско и четворица ои селото Негорци, кои биле страшно малтретирани и стваени под посебен режим во гевгелискиот затвор.[40)]

Строгата истрага ја открила пошироката мрежа на комунистите, скоевците и другите соработници на отпорот.[41)] Бесот на Бугарите станувал сè

поголем бидејќи, покрај нападот врз бугарскиот 1/15 подучасток во Конско, следеле успешни напади врз германските позиции во Клисура и Прждево, како и врз бугарскиот гарнизон во Мрежичко и рудникот за лискун во Витолиште.[42] Борците од XXX полк на ЕЛАС со успех ги нападнале германските позиции во рудникот за молибден во близина на селата Мајадаг и Извор, како и нивните позиции во градчето Куфалово и други места. Успешни акции имал и самостојниот баталјон на ЕЛАС на Кајмакчалан.[43] Логично, се очекувале уште пожестоки акции на партизаните.

## *Демонстративен напад врз Гевгелија, точно на полноќ на 31. декември 1943. година*

Во меѓувреме, додека противникот се спремал за преземање конкретни мерки за акции против концентрираните партизански сили во Меглен, групата баталјони се поместиле во селото Љумница за одмор и во очекување нови наредби за акција. Се ближела новата 1944. година, 31. декември. Денот, иако зимски, бил убав и сончев. Од селото се гледаат градот Гевгелија, како и Гевгелиското, Валандовското и Солунското Поле. Речиси се слушаат пискотниците од локомотивите и сосема јасно се гледаат водите на Вардар, како мирно течат по нејзиното змиолико корито кон Солунското Поле, од каде се вливаат во Солунскиот Залив.[44]

Штабот на групата баталјони се подготвувал за пречек на Новата година. некаде околу пладне во селото Љумница пристигнал секретарот на Околискиот комитет за гевелиско, Деко Ковачев, кој му реферирал на штабот за најновата ситуација во Гевгелија по нападот на Конско, како и тоа дека туку што пристигнала и се сместила во селото Горничет група бугарски полицајци, во состав од 40 души, специјално обучени за борба против партизаните. Информациите што ги донесол Деко биле добродојдени за штабот на групата баталјони.[45]

Била донесена одлука, на лице место, уште истата вечер, една добро подготвена ударна група да ги нападне полицајците во селото Горничет, со цел да им нанесе што поголем број жртви, а во исто време една ударна група да го нападне станот на мајорот Стефан Стојчев, кој се наоѓал на излезот од градот Гевгелија, спрема селото Моин, со задача да го зароби, а ако тоа не е можно, да го убие. Било договорено, исто така, со еден пушкомитралез од една посебна ударна група да се пука во правецот на касарната од непосредна близина, за да се создаде збрка во редовите на противникот и паника, како новогодишна честитка од партизаните.

По ручекот, штабот на групата баталјони ги почнал нужните консултации и подготовки за нападот. Било договорено нападот врз полицајските позиции во селото Горничет да го преземе одбрана ударна група од редовите на баталјонот „Стив Наумов", а неа да ја предводи лично Деко Ковачев. За ова лично се задолжи командантот на баталјонот, Наум Веслиевски - Овчарот.[46]

Втората група, која требало да го нападне станот на мајорот Стефан Стојчев и касарната, била, всушност ударна група од баталјонот „Христо Ботев“. Било договорено двата напади да се извршат во 12 часот во полноќ и тоа заради поголем ефект и можност за успех.

Ударната група на баталјонот „Христо Ботев“ ја составил и ја предводел Никола Пеев - Груев кој по ранувањето на Дичо Петров Таков, го заменил на функцијата командант на баталјонот. Тој лично го извршил и изборот на учесниците во нападот. Од македонските партизани кои се наоѓале во составот на овој баталјонот, ги одбрал Петре Балабуров - Минчо и Ристо Поппристов - Апостолов, а од редовите на бугарските партизани, кандидатите подофицери: 1. Продан Велчев Брајков, 2. Кању Колев Брајков и 3. Коста Стаматов Рајчев, а од војниците, 4. Адам Георгиев Адамов, 5. Ангел Господинов Ангелов, 6. Георги Тодоров Јанев, 7. Никола Динев Стоилов и 10. Цоњу Попов - Ворошилов.[47] Кон оваа група од баталјонот „Стив Наумов“ командантот Наум Веслиевски - Овчарот додал уште тројца испробани партизани на чело со искусниот и стар партизан и пушкомитралезец Ристо Тодоровски - Вед, со посебна задача - кога ќе почне акцијата со нападот на станот на мајорот Стефан Стојчв, групата да отвори оган во правецот на касарната.[48]

Три часа пред полноќ двете ударни групи, првата предводена од Деко Ковачев, а втората од Никола Пеев - Груев и Петар Балабуров - Минчо, тргнале кон целта, носејќи со себе патрони и бомби како новогодишен подарок за омразениот непријател. Триесет минути пред полноќ, втората група предводена од Груев се наоѓала во близина на целта, а Ристо Тодороцски - Вед со својот пушкомитралез и неговата група, во исто време зазеле позиции во правецот на касарната. Никола Пеев - Груев, со својата пробојна група, внимателно се приближиле до станот каде што живеел мајорот Стефан Стојчев. Штом се приближиле до куќата без да бидат забележани, Груев им наредил на кандидатите подофицери, Продан и Кању, да влезат во доворот и да го убијат стражарот, а потоа да фрлат бомба во прозорот што светел и каде што, било јасно дека се наоѓал мајорот Стефан Стојчев со своите гости, подготвени да ја дочекаат Новата 1944. година. Било точно 11,45 минути, кога од левата страна на куќата неочекувано излегле четворица бугарски војници со пушкомитралез, со намера да заземат позиција. Ударниците Продан и Кању, штом ги забележале војниците, молњевито фрлиле по една бомба во нивниот правец. Експлозијата од бомбата го направила своето. Речиси веднаш започнала стрелба од правецот на групата на Груев, за да ги заштитат своите претходници. Во исто време и Вед почнал да стрела со својот пушкомитралез во правецот кон касарната.[49]

Настанал вистински метеж и паника во редовите на противникот. Тие почнале да стрелаат ос сите страни, мислејќи дека се работи за општ напад на партизаните врз градот. На сите страни летале светлечки ракети и се слушале пукотници од митралези и пушки. Во тој момент мајорот Стефан Стојчев побрзал да се сокрие како што знаел и умеел зашеметен и треперејќи за својот гол живот. Групата ударници партизани, под водство на Никола Пеев - Груев, почнала ладнокрвно и внимателно да се повлекува, неспречувана од никого, во

правецот на Моин, движејќи се по бавчите и по каналите за наводнување.[50] Пукотниците во градот никако не стивнувала. Станувало јасно дека противникот е сосема зашеметен. Групата имала причини да се чувствува горда и среќна, бидејќи со успех си ја извршила задачата. Им било жал само што поради несреќната околност не успеале да го заробат или убијат крвопиецот, мајорот Стефан Стојчев.[51]

Штабот на групата баталјони будно ја следел ситуацијата од самата граница. Се слушале пукотници и експлозии од бомби, ги гледале светлечките ракети и им станувало јасно дека удрната група на Никола Пеев - Груев добро си ја завршила работата.[52] Но, не се слушало ништо од првецот на селото Горничет, кое било поблиску до нивната база. Што ли се случило? Во утринските часови, кога и двете групи се вратиле во базата, им станало јасно дека водачот на групата која требала да ги нападне полицајците во селото Горничет, Деко Ковачев, заскитал и го изгубил патот, поради што задачата не била извршена. Независно од тоа, штабот на групата баталјони имал добри причини да се радува на успехот што го постигнала групата на Никола Пеев - Груев, бидејќи со овој демонстративен напад се внесол голем страв и паника кај непријателот во Гевгелија и му го расипал новогодишното празнување.[53]

Побеснетиот мајор Стефан Стојчев и окупаторските власти во Гевгелија се решиле на одмазда. Ги прошириле апсењата во Гевгелија и Богданци, а од бројните уапсени, била донесена одлука да бидат стрелани седум души од Конско и четворица од Негорци. Полицијата не сакала да ја изврши наредбата на мајорот Стефан Стојчев, бидејќи не постоела пресуда, поради што Стојчев му наредил на командантот на 2/48 пешадиска дружина, капетанот Владимир Ватев, да ја исполни наредбата. Од своја страна, капетанот Ватев му наредил на потпоручникот Михаил Карабајрамов, аѓутант на 2/48 пешадиска дружина да одбере група војници и надвор од Гевгелија да ги застрела единаесете уапсени селани од Конско и Негорци, за што го добил и списокот на осудените, без пресуда на смрт: Ѓорѓи Веков Димов (партизан), Ристо Бојмалиев и Ристо Шуплев, сите од селото Негорци и Борис Карпузов од Велес, кмет од Негорци. Од селото Конско на списокот биле: Јордана Георгиева Анастасова, жена на Ѓорѓи Апостолов - Лугунџалиец, Димитар Шаренков, Илија Маџаров, Јован Коларов, Димитар Атанасов Смилков - Шаламан, Митре Иванов Наков и Крсто Атанасов Крстев.[54]

Доцна во ноќта на 2. јануари, потпоручникот Михаил Карабајрамов, со своите војници-убијци, откако им ги врзал со ’рѓосана жица рацете на избраните за стрелање единаесетмина, ги потерал во правецот ма „Мала Река“, каде што требало да бидат стрелани. По патот, во густата ноќ, Јован Коларов, Димитар Смилков, Митре Наков и Крсто Крстев, успеале некако да се ослободат од ’рѓосана жица и со бегство да се спасат и малку подоцна да им се приклучат на партизаните. Останатите седум души биле стрелани во „Мала Река“.[55]

Потоа следело интернирање на поголем број граѓани и селани од Гевгелија, Богданци и од селата. Но, ниту овие казни, ниту наредните убиства од омразениот непријател, ниту пљачкањата, палењата на селата, малтретира-

њата и интернациите, како и другите мерки за загушување на македонското оружено востание, не можеле да го сопрат востанието. Тоа растело и како вистинска буица го навестувало скорешното ослободување на македонската национална држава. Мнозумина од окупаторскиете силеџии и убијци и нивните потесни соработници, вклучувајќи ги колачите и контрачетниците, меѓу кои и ѕверот-крвопиец Георги Аџимитров - Гевгелиски, ја добиле заслужената казна,[56] како опомена за секој предавник на татковината, дека таквите дела не можат и не смеат да останат неказнети.